**НАЦИОНАЛНА АНТИ-ДОПИНГ КОМИСИЈА НА МАКЕДОНИЈА - НАДО МКД**

# АНТИ-ДОПИНГ ПРАВИЛНИК

СОДРЖИНА :

ВОВЕД
ПРЕДГОВОР
ОСНОВНИ НАСОКИ НА КОДОТ И НА НАДО МКД АНТИ-ДОПИНГ ПРАВИЛА
НАЦИОНАЛНИОТ АНТИ-ДОПИНГ ПРОГРАМА ОПСЕГОТ НА ОВИЕ АНТИ-ДОПИНГ ПРАВИЛА
Член 1 ПРИМЕНА НА АНТИ-ДОПИНГ ПРАВИЛАТА
Член 2 Дефиниција на ДОПИНГОТ – ПРЕКРШОК НА АНТИ-ДОПИНГ ПРАВИЛАТА
Член 3 ДОКАЗ ЗА ДОПИНГ
Член 4 ЗАБРАНЕТА ЛИСТА
Член 5 ТЕСТИРАЊЕ И ИСТРАГИ
Член 6 АНАЛИЗА НАПРИМЕРОЦИТЕ
Член 7 РЕЗУЛТАТИ УПРАВУВАЊЕ
Член 8 ПРАВО НА ФЕР СОСЛУШУВАЊЕ
Член 9 АВТОМАТСКА ДИСКВАЛИФИКАЦИЈА НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
Член 10 САНКЦИИ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА
Член 11 ПОСЛЕДИЦИ ЗА ТИМОВИТЕ
Член 12 САНКЦИИ И ТРОШОЦИ ПРОЦЕНЕТИ ПРОТИВ СПОРТСКИТЕ ОРГАНИ
Член 13 ЖАЛБИ
Член 14 ДОВЕРЛИВОСТ И ИЗВЕСТУВАЊЕ
Член 15 АПЛИЦИРАЊЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ
Член 16 ИНКОРПОРИРАЊЕ НА НАДО МКД АНТИ-ДОПИНГ ПРАВИЛАТА И ОБВРСКИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ФЕДЕРАЦИИ
Член 17 СТАТУС НА ОГРАНИЧУВАЊЕ
Член 18 НАДО МКД УСОГЛАСЕНОСТ И ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ВАДА
Член 19 ЕДУКАЦИЈА
Член 20 ИЗМЕНИ И ТОЛКУВАЊЕ НА АНТИ-ДОПИНГ ПРАВИЛА 67
Член 21 ТОЛКУВАЊЕ НА КОДОТ
Член 22 ДОПОЛНИТЕЛНИ УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ НА СПОРТИСТИТЕ И ДРУГИТЕ ЛИЦА
ПРИЛОГ 1 ДЕФИНИЦИИ
ПРИЛОГ 2 ПРИМЕРИ ЗА ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 10

## НАЦИОНАЛНА АНТИ-ДОПИНГ КОМИСИЈА НА МАКЕДОНИЈА - НАДО МКД

## АНТИ-ДОПИНГ ПРАВИЛНИК

## ВОВЕД

### Предговор

Овие Анти-Допинг правила се донесени и се спроведуваат согласно обврските на НАДО Македонија зацртани во Светскиот Анти-Допинг КОД, а во согласност со континуираните напори на НАДО Македонија за искоренување на допингот во спортот во Македонија.
Овие анти-допинг правила се правила со кои се регулират условите под кои се учествува во спортските игри. Насочени на спроведување на анти- допинг принципитена глобален и усогласен начин, тие се различни по природата од кривичните и граѓанските закони, и не се наменети да бидат предмет на или ограничени од ниту еден од националните услови и правните стандарди кои се однесуваат на кривични или граѓански постапки. При разгледување на фактите и законот на даден случај, сите Судови, Арбитражни тела и други одлучувачки тела треба да бидат свесни и да ја почитуваат различната природа на овие Анти-Допинг правила за спроведување на Кодот и фактот дека овие прописи претставуваат консензус на широк спектар на чинители во целиот свет за тоа што е неопходни за заштита и обезбедување на фер спорт.

### Основни насоки на Кодот и Анти-Допинг правилата на НАДО Македонија

Анти-допинг програмите тежнеат да го зачуваат она што е суштински вредно во спортот. Оваа суштинска вредност често се нарекува "Спортски Дух". Тоа е суштината на Олимпизмот; потрагата по човековата совршеност преку посветено усовршување на природниот талент на секоја личност. Тоа е всушност како да се игра вистински. Духот на спортот е славење на човечкиот дух, телото и умот, и се рефлектира во вредностите кои ги наоѓаме во и преку спортот, вклучувајќи:

- Етика, фер плеј и чесност
- Здравје
- Извонредност во перформансите
- Карактер и едукација
- Забава и радост
- Тимска работа
- Посветеност
- Почитување на правилата и законите
- Почитување кон себе и другите учесници

- Храброст
- Заедништво и солидарност

**Допингот е суштинска спротивност на Духот на Спортот**

## Национална Анти-Допинг програма

НАДО Македонија е формирана при Агенцијата за Млади и Спорт на Република Македонија, со крајна цел да се развие и дејствува како независна *Национална Анти-Допинг организација* во Македонија.

**Како таква, НАДО МКД го има неопходниот авторитет и одговорност за:**

- Планирање, координирање, спроведување, мониторинг и залагање за подобрувања на допинг контролите;
- Соработка со други релевантни национални организации, агенции и други анти-допинг организации;
- Поттикнување на реципрочни тестирање помеѓу Националните Анти-Допинг организации;
- Планирање, спроведување и следење на анти-допинг информации, едукација и програми за превенција;
- Промовирање на анти-допинг истраги;
- Енергично прогонување на сите потенцијални повреди на анти-допинг правилата во рамките на својата надлежност, вклучувајќи истраги за тоа дали спортски персонал или други лица може да се вклучени во секој случај на допинг прекршок и обезбедување соодветно спроведување на последиците;
- Спроведување на автоматски истрага кон придружниот спортски персонал во рамките на својата надлежност во случај на каков било анти-допинг прекршок од страна на малолетник и за секој член на персоналот за поддршка на спортистот а кој обезбедувал поддршка на повеќе од еден Спортист кој извршил анти-допинг прекршок ;
- Соработка во целост со ВАДА во врска со истрагите спроведувани од страна на ВАДА, согласно со член 20.7.10 од Кодот и
- Каде има обезбедено финансирање, одбивање на делумно или целосно финансирање на спортистот и на придружниот спортски персонал додека тој или таа се наоѓа на издржување на периодот за неподобност за прекршување на анти-допинг правилата.

*[Забелешка: Намерата е дека треба да има Национална Анти - Допинг Организација во секоја земја, и дека Националните Анти - Допинг Организации треба да бидат независни во оперативните одлуки и активности од сите јавни и спортски тела и организации. Принципот на независност ги поткрепува Анти-Допинг програмите низ целиот свет и го гарантира интегритетот на анти-допинг активностите.*

**Опсегот на овие анти-допинг правила**

Опсегот на примена на овие Анти-Допинг Правила е утврдено во член 1.

## Член 1
## ПРИМЕНА НА АНТИ-ДОПИНГ ПРАВИЛАТА

### 1.1 Примена од страна на НАДО Македонија

Овие анти-допинг правила се применуваат од НАДО Македонија

### 1.2 Примена од Националните Федерации

**1.2.1** Како услов за добивање на финансиска и / или друга помош од Владата на Република Македонија и / или Националниот Олимписки Комитет на Република Македонија, секоја Национална Федерација на Република Македонија, ги прифаќа и се придржува кон духот и условите на програмата на Македонската Национална Анти-Допинг Организација и овие анти-допинг правила, и ќе ги вметне овие анти-допинг правила директно или со упатување во нивните правилници, како дел од правилата на спортот што ги обврзуваат нивните членови и учесници.

[Коментар член 1.2.1: НАДО Македонија ќе работат во соработка со Владата и Националниот Олимписки Комитет да се осигура дека признавањето на НАДО Македонија и прифаќањето и примената на овие Анти-Допинг правила претставува предуслов за добивањето на Националната федерација на било која финансиска и / или друга помош од Владата и / или Националниот Олимписки Комитет.]

**1.2.2** Со усвојувањето на овие анти-допинг правила и нивното инкорпорирање во нивните правилници и правилата на спортот, националните федерации го признаваат овластувањето и одговорноста на НАДО Македонија за спроведување на Националните Анти-Допинг програма и спроведување на овие анти-допинг правила (вклучувајќи спроведување тестирање) во однос на сите лица наведени во член 1.3 подолу, кои се под јурисдикција на Националната Федерација, а ќе соработуваат и ја поддржуваат НАДО Македонија во таа функција.

<u>Тие, исто така треба да ги препознаат, почитуваат и ги спроведат одлуките донесени во согласност со овие анти-допинг правила, вклучувајќи ги и одлуките на дисциплинските органи и наметнување санкции врз лица под нивна надлежност</u>.

### 1.3 Примена за лицата-учесниците во спортот

**1.3.1** Овие анти-допинг правила се применуваат на следниве лица (вклучувајќи ги и малолетниците), во секој случај, без разлика дали е или не тоа лице државјанин на или жител на Македонија:

Сите спортисти и спортски персонал кои се членови или носители на дозволи од било која Националната федерација во Македонија, или на било кој член или приклучна организација од било која Федерација во Македонија (вклучувајќи ги сите клубови, тимови, здруженија или лиги);

**1.3.1.1** Сите спортисти и спортски персонал, кои учествуваат во таков капацитет во настани, натпревари и други активности организирани, свикани, овластени или признати од страна на било која Националната федерација во Македонија, или секој член или приклучна организација од било која Федерација во Македонија (вклучувајќи ги и сите клубови, тимови, здруженија или лиги), каде и да се одржаува;

**1.3.1.2** Било кој друг спортист или придружниот спортски персонал или друго лице кое, врз основа на акредитација, лиценца или други договорни аранжмани, или на друг начин, е предмет на надлежност на секоја национална Федерација во Македонија, или на било кој член или приклучна организација од било која Националната федерација во Македонија (вклучувајќи ги сите клубови, тимови, здруженија или лиги), за целите на Анти-Допингот;

**1.3.1.3** Сите спортисти и спортски персонал кои учествуваат во кое било својство во било која активност организирана, што се одржала, свикана или овластени од страна на организаторот на национален настан или на националната лига, што не е поврзано со Националната федерација и
*(Коментар на чл.1.3.1: Овие организациии и тела треба да бидат инкорпорирани во Националната Анти- Допинг програма.)*

**1.3.1.4** Сите спортисти кои не спаѓаат во рамките на една од претходните одредби на овој член 1.3.1, но кои сакаат да да имаат право за учество во меѓународни настани или национални настани (и такви спортисти мора да бидат достапни за тестирање во рамките на овие анти-допинг правила барем шест месеци пред тие да бидат прифатливи за вакви настани).

**1.3.2** Овие анти-допинг правила се применуваат и на сите други лица врз кои Кодот му дава на НАДО Македонија надлежност, вклучувајќи ги сите спортисти кои се државјани или жители на Македонија, и сите спортисти кои се присутни во Македонија, за да се натпреваруваат, тренираат или на друг начин.

Лицата кои спаѓаат во опсегот на член 1.3.1 или 1.3.2 се смета дека прифатиле и се согласиле да бидат обврзани од страна на овие анти-допинг правила и да се стават на располагање и авторитетот на НАДО Македонија за да се спроведат овие анти-допинг правила и под надлежност на органите за сослушување и санкционирање наведени во член 8 и член 13 да ги сослушат и утврдат случаите и жалбите донесени под овие анти-допинг правилата, како услов за нивното

членство, акредитација и / или учество во нивните избрани спортови .

### 1.4 Спортисти од национално ниво

**1.4.1** Од сите овие спортисти што спаѓаат во делокругот на Член 1.3, следниве спортистите ќе се сметаат спортисти од национално ниво за целите на овие анти-допинг правила:

**1.4.1.1** Сите спортисти кои се натпреваруваат во првите лиги во Македонија од натпреварувањата организирани од нивните Национални Федреации

**1.4.1.2** Сите спортисти кои се натпреваруваат во финалните натпревари од куп натпреварувањата во Македонија во соодветните спортови

Ако таквите спортисти се класифицирани од страна на нивните соодветни меѓународни федерации како спортисти од меѓународно ниво тогаш тие ќе се сметат за спортисти од меѓународно ниво (а не национално ниво спортисти) за целите на овие анти-допинг правила.

**1.4.2** Овие анти-допинг правила важат за сите лица кои спаѓаат во опсегот на член 1.3. Сепак, во согласност со член 4.3 од Меѓународниот Стандард за Тестирање и Истраги, главниот фокус напланираната дистрибуција на тестирањата на НАДО Македонија ќе биде заспортисти од национално ниво (види погоре).

## Член 2
## ДЕФИНИЦИЈА НА ДОПИНГОТ - ПРЕКРШУВАЊЕ НА АНТИ- ДОПИНГ ПРАВИЛАТА

Допинг се дефинира како појава на еден или повеќе прекршоци на анти- допинг правилата наведени во членовите од 2.1 до 2.10 од овие анти- допинг правила.

Целта на чл. 2 е да се наведат околностите и однесувањето кои претставуваат прекршок на анти-допинг правилата. Сослушувања во допинг случаите ќе продолжат врз основа на тврдењето дека едно или повеќе од овие специфични правила се прекршени.

Спортистите или другите лица се одговорни да знаат што претставува прекршок на анти-допинг правилата и супстанциите и методите кои се вклучени на Забранетата Листа.

Следното претставува прекршок на анти-допинг правилата:

**2.1 Присуство на Забранета Супстанца или нејзини Метаболити или Маркери во примерокот на спортистот**

**2.1.1** Лична обврска на секој спортист е да се осигура дека никаква забранета супстанца нема да влезе во неговото тело. Спортистите се одговорни за сите забранети супстанци или нивните метаболити и маркери кои ќе бидат најдени во нивните примероци. Според тоа, не е потребно да се докажува намера, грешка, невнимателност или намерно користење од страна на спортистот со цел да се воспостави анти-допинг прекршок според член 2.1.

*Коментар на член 2.1.1: Прекршок на анти-допинг правилото е сторен според овој член без оглед на грешката на спортистот. Ова правило е наведено во различни одлуки на судот за спортска арбитража CCA(КАС) како "строга обврска". Грешка на спортистот се зема предвид при утврдувањето на последиците од овој анти-допинг прекршок според член 10. Овој принцип постојано е поддржан од CCA.*

**2.1.2** Задоволителен доказ за анти-допинг прекршок според член 2.1 се утврдува со било кое од следниве: присуство на забранета супстанца или нејзини метаболити и маркери во А примерокот на спортистот кога спортистот се откажува од анализата на Б примерокот и Б примерок не се анализира, или пак, каде што се анализира Б примерокот на спортистот и анализата на Б примерокот на спортистот потврдува присуство на забранета супстанца или нејзини метаболити или маркери пронајдени во А примерокот на спортистот , или пак, каде што Б примерокот на спортистот е поделен во две шишиња и анализата на второто шише потврдува присуство на забранета супстанца или нејзини метаболити или маркери пронајдени во првото шише.

*Коментар на член 2.1.2: Анти-Допинг организацијата со одговорност за менаџирање на резултатите може, по сопствен избор, да побараанализа на Б примерокот дури и ако спортистот не бара анализа на Б примерокот.*

**2.1.3** Освен за оние супстанци за кои квантитативен праг(лимит) е специфично наведен во забранетата листа, присуството на било кое количество на забранета супстанца или нејзини метаболити или маркери во примерокот на спортистот претставува прекршување на анти-допинг правило.

**2.1.4** Како исклучок од општото правило од член 2.1, во Забранетата Листа или Меѓународните Стандарди може да се воспостави специјален критериум за евалуација на забранетите супстанци кои можат да бидат произведени ендогено.

**2.2 Користење или обид за користење од страна на спортист на забранета супстанца или забранет метод**

*Коментар Член 2.2: Користење или обид за користење на забранета супстанца или забранет метод може да се заснова со било кој веродостоен начин. Како што е наведено во коментарот на член 3,2, за разлика од член 2.1 каде има потреба од доказ за да се утврди прекршување на анти-допинг правилото, користење или обид за користење, може да се воспостави со друг сигурен начин како што е признание од страна на спортистот, изјави на сведок, документирани докази, извлечените заклучоци од надолжно профилирање, вклучувајќи ги и податоците собрани како дел од Биолошки Пасошна спортистот или други аналитички информации кои инаку не ги задоволуват сите барања да се воспостави "присуство" на забранета супстанца според член 2.1. На пример, користење може да се заснова врз основа на веродостојни аналитички податоци од анализата на А примерокот (без потврда од анализа на Б примерокот) или од анализа само на Б примерокот, каде што анти-допинг организација обезбедува задоволително објаснување за недостатокот на потврда во другиот примерок.*

**2.2.1** Лична обврска на секој спортист е да се осигура дека никаква забранета супстанца нема да влезе во неговото тело и дека не користи никаква забранета метода. Според тоа, не е потребно да се демонстрира:намерата, грешка, невнимателност или свесно користење од спортистот со цел да се утврди анти-допинг прекршок за користење на забранета супстанца или забранет метод.

**2.2.2** Успехот или неуспехот на употребата или обидот за користење на забранета супстанца или забранет метод не е важен. Доволно е забранетата супстанца или забранетиот метод да се користат или во обид да се користат за да се констатира прекршок на анти-допинг правилата.

*Коментар член 2.2.2: Демонстрацијата на "Обид за употреба" на забранета супстанца или забранет метод бара доказ за намерата од страна на спортистот. Фактот дека намерата може да се бара да се докаже ова особено анти-допинг правило не го поткопува принципот на строга обврска заснована за прекршување на член 2.1 и прекршување на член 2.2 во однос на употреба на забранета супстанца или забранет метода.*

*Користењето на забранета супстанца од спортистот претставува анти-допинг прекршок освен ако таквата супстанца не е забранета Надвор однатпреварувањата и употребата од страна на спортистот се одвива Надвор однатпреварувањата. (Сепак, присуството на забранета супстанца или нејзини метаболити и маркери во примерокот земан Во-Натпреварите е прекршок на член 2.1 без оглед кога таа супстанција би можело да е користена или администрирана.)*

## 2.3 Избегнување, Одбивање или Неуспех да спортистот даде примерок за тестирање

Избегнување на давање примероци, или неразумно оправдување за одбивањето, или неуспехот да даде примерок за тестирање по известувањето што е опишано во овие анти-допинг правила или други применливи анти-допинг правила.
*Коментар на член 2.3: На пример, тоа ќе биде прекршок на анти-допинг правило за "избегнување на земање на примерокот" доколку се утврди дека спортистот намерно го избегнува официјалниот претставник за допинг контрола за да се избегне известување или тестирањето. Прекршувањето "неуспех да даде примерок за тестирање" може да се заснова на било намерно или небрежно однесување од страна на спортистот, додека "избегнува" или "одбива" давање на примерокот што наметнува размислување за намерно однесување од страна на спортистот*

**2.4 Неуспешно, погрешно информирање за достапноста и локацијата на тренажниот процес или дневните активности (Вереабаутс информации)**

Било која комбинација на три пропуштени тестови и / или поднесување неуспешни информации илипогрешни информаци за достапност(вереабаутс информации), како што е дефинирано во меѓународните стандарди за тестирање и истраги, во период од дванаесет месеци од страна на спортист кој е дел од групата на регистрираните играчи за тестирање, преставува прекршок на Анти- Допинг правилата.

**2.5 Манипулирање или обид за манипулирање со било кој дел од допинг контролата**

Однесување кое го подрива процесот на допинг контролата, но кое инаку не се вклучени во дефиницијата за забранети методи. Манипулирање вклучува, без ограничување, намерно мешање или обид замешање во работата на официјалниот претставник за допинг контролата, обезбедување на лажни информации до анти-допинг организацијата или заплашување или обид да се заплашат потенцијалните сведоци.
*Коментар член 2.5: На пример, овој член забранува менување броеви за идентификација на формуларот за допинг контрола во текот на тестирањето, кршење на Б шишето за време на анализа на Б примерокот, или менување на примерокот со додавање на надворешни супстанци.*

*Навредливо однесување кон официјалниот допинг контролор или други лица вклучени во допинг контролата кое инаку не претставува Фалсификување ќе бидат опфатени во дисциплинските правила на спортските организации.*

**2.6 Поседување на забранета супстанца или забранет метод**

**2.6.1** Поседување од страна на спортист во натпреварувачкиот период на било

која забранета супстанца или било кој забранет метод, или поседување од страна на спортист надвор од натпреварите на било која забранета супстанца или забранет метод, кој е забрането надвор однатпреварувањата, освен ако спортистот докаже дека поседувањето е во согласност со Дозвола за Терапевтска Употреба ("ДТУ") издадена во согласност со член 4.4 или друго прифатливо објаснување.

**2.6.2** Поседување од страна на лице за поддршка на спортистот во натпреварувачкиот период на било која забранета супстанца или било кој забранети методи, или поседување од страна на лице за поддршка на спортистот надвор однатпревар на било која забранета супстанца или било кој забранет метод, кој е забрането надвор однатпревар во врска со спортистот, натпреварувањето или тренинзите, освен ако лицето за поддршка на спортистот докаже дека поседувањето е во согласност со ДТУ доделена на спортист во согласност со член 4,4 или друго прифатливо објаснување.
*[Коментар членовите 2.6.1 и 2.6.2: Прифатливи оправдување не би вклучувало, на пример, за купување или поседување на забранети супстанци за целите на давање на пријател или роднина, освен под оправдани медицински околности кога тоа лице поседува рецепт од лекарот , на пример, за купување инсулин за дете дијабетичар .]*
*[Коментар член 2.6.2: прифатливо објаснување ќе вклучува, на пример, тимскиот доктор да носи Забранети супстанци за справување со акутна и ургентни состојби.]*

**2.7 Трговија или Обид за трговија со било која забранета супстанца или забранет метод,**

**2.8 Администрање или обид за администрирање** на било кој спортист во натпреварувачкиот период на било која забранета супстанца или забранета метода, или администрација или обид за админинистрирање на било кој спортист Надвор од Натпреварување на било која забранета супстанца или било која забранета метода кои се забранети Надвор од Натпреварување

**2.9 Соучесништво**
Асистирање, охрабрување, помагање, поттикнување, заговор, прикривање или било кој друг вид на намерно соучешниство во прекршување на анти-допинг правило, или сторен обид за прекршување на анти-допинг правило или повреда на член 10.12.1 од друго лице.

**2.10 Забрането Здружување**
Здружување од страна на спортист или друго лице кое се во надлежност на Анти-Допинг организацијата по професионална или по спортска линија со било кое лице кое го сервисира спортистот а кој:

**2.10.1** Доколку е во надлежност на Анти-Допинг организацијата, и се наоѓа на издржување на периодот за неподобност; или

**2.10.2** Доколку не е предмет во надлежност на Анти-Допинг организацијата, и каде неподобноста не е изречена во процесот на менаџирање со резултатите во согласност со Кодот, но е осуден или се најде во кривична, дисциплинска или професионална постапка поради вклученост во однесување кое би претставувало повреда на анти-допинг правилата, ако правилата компатибилни со Кодот биле применливи за тоа лице. Статусот на дисквалификација на тоа лице ќе биде во сила за период подолг од шест години од денот наносењето на кривичната, професионалната или дисциплинска одлука или времетраењето кривичната, дисциплинската или професионална изречената санкција; или

**2.10.3** Служи период на суспензија како предводник или посредник како што е опишано во член 2.10.1 или 2.10.2.
Со цел оваа одредба да се применува, неопходно е да спортистот или другото лице претходно бил советуван во писмена форма од страна на Анти-Допинг Организацијата со надлежност над спортистот или другото лице, или од ВАДА, за сатусот на дисквалификација на лицето за подршка на спортистот и потенцијалните последици за забранетото здружување и дека спортистот или другото лице може разумно да го избегнат здружувањето.Анти-Допинг Организацијата, исто така, ќе се потруди да го советува лицето за поддршка на спортистите кој е предмет на известувањето дадено до спортист или другото лице дека лицето за поддршка на спортистот може, во рок од 15 дена, да излезе пред Анти-Допинг Организацијата да објасни дека критериумите опишани во членовите 2.10.1 и 2.10.2 не важат за него или неа. (И покрај член 17, овој член се однесува дури и кога дисквалификационото однесување на спортистот или лицето настанала пред ефективниот датум утврдено со член 20.7.)
Товарот ќе биде на спортист или другото лице да докаже дека поврзаноста со придружниот спортски персонал опишано во член 2.10.1 или 2.10.2 не е на професионално или по спортска линија.
Анти-Допинг Организациите кои ги знаат информациите за придружниот спортски персонал кои ги исполнува критериумите опишани во член 2.10.1, 2.10.2, 2.10.3 ги доставуват тие информации до ВАДА.
*Коментар член 2.10 спортисти и други лица не смеат да работат со селектори, тренери, доктори или друг спортски персонал кои се неподобни поради прекршок на анти-допинг правило или кои биле кривично осудени или професионално дисциплинирани во врска со допинг. Некои примери на типови на здружување кои се забранети вклучуваат: одржување на тренинг, стратегија, техника, исхрана или медицински совет; добивање терапија, третман или рецепти; обезбедување на кој било телесни производи за анализа; или дозволувајќи им на спортскиот персонал за подршка да служи како застапник или претставник. Забрането здружување не треба да вклучува било каква форма на компензација.*

## Член 3
## ДОКАЖУВАЊЕ ЗА ДОПИНГ ПРЕКРШОК

### 3.1 Одговорност и Норми за Доказ

НАДО МКД ќе ја има одговорноста за докажување дека прекршувањето на анти-допинг правилото се случило. Стандардотза докажување ќе биде, само ако НАДО утврди прекршок на анти-допинг правилото на задоволство и прифаќањеодтелото за сослушување имајќи ја предвид сериозноста на обвиненијата. Овој стандард на докажување во сите случаи е поголем отколку едноставен баланс на веројатноста но помал отколку докажување без основано сомнение. Каде што овие Анти-Допинг Правила ја ставаат одговорноста на докажување врз спортистот или друго лице кое наводно извршило прекршување на анти-допинг правило тогаш, за да ја побие претпоставката или да докаже одредени факти или околности, нормата за доказ ќе биде со баланс на веројатноста.

*Коментар на Член 3.1: Овој стандард на докажување се бара да биде исполнет од страна НАДО МКД за да се спореди со стандардот кој се применува во повеќето земји на случаи кои вклучуваат професионална злоупотреба.*

### 3.2 Методи за Утврдување на Фактите и Претпоставките

Факти поврзани со прекршување на анти-допинг правилата можат да се утврдат од страна на било кој веродостоен начин, вклучувајќи и признанија. Следниве правила за доказ ќе бидат применливи во допинг случаите:

*Коментар член 3.2: На пример, НАДО МКД може да заснова анти- допинг прекршок според член 2.2 врз основа на признанието на спортистот, веродостојно сведоштво на трети лица, сигурни документирани докази, сигурни аналитички податоци било од А или Б примерокот, како што е предвидено во коментари на член 2.2, или извлечените заклучоци од профилот на серија од примероци од крв или урина, како што се податоци од Биолошкиот Пасош на спортистот.*

Аналитички методи или донесените лимити одобрени од ВАДА, по консултација со релевантните научни институции и кои биле предмет на ревизија се смета дека се научно валидни. Спортист или друго лице кое се обидува да ја побие оваа претпоставка на научна важност, како услов кој претходи на било кое такво преиспитување, прво ке ја извести ВАДА за преиспитувањето и основата за преиспитувањето. ССА(КАС)-Судот за Спортска Арбитража по сопствена иницијатива, исто така, може да ја информира ВАДА за таков предизвик. На барање на ВАДА, ССА именува соодветен научен експерт за да помогне на телотово својата оценка на преиспитувањето. Во рок од 10 дена од приемот на ваквите информации, и по приемотна ССА датотеката, ВАДА, исто така, има право да интервенира како партија, да се појави како amicus curiae, или на друг начин да обезбеди докази во таквата постапка.

**3.2.1** Лабораториите акредитирани од ВАДА и други лаборатории одобрени од ВАДА, се смета дека ги спровеле анализите на примероците и процедурите на чување во согласност со Меѓународните Стандарди за Лаборатории. Спортистот или друго лице би можело да ја побие оваа претпоставка ако докаже дека имало отстапување од Меѓународните Стандарди за Лаборатории кое разумно би можело да предизвика позитивен аналитички наод. Ако спортист или друго лице ја побие претходната претпоставка со покажување дека имало отстапување од Меѓународните Стандарди за Лаборатории што разумно би можело да предизвика позитивен аналитички наод, тогаш НАДО Македонија го имаат товарот да утврди дека отстапувањето не предизвикало неповолен наод односно позитивен резултат.

*Коментар член 3.2.2: Товарот е на спортист или другото лице да потврди, со баланс на веројатноста, отстапување од Меѓународните Стандарди за Лаборатории кои разумно би можело да предизвика неповолен аналитички наод. Ако спортист или другото лице го направи тоа, товарот преминува на НАДО МКД за да се докаже задоволително и прифатливо на телото за сослушување дека отстапувањето не предизвикало неповолен аналитички наод.*

**3.2.2** Отстапување од било кој друг Меѓународен Стандард или друго анти-допинг правило или политики утврдени во Кодот или овој Анти- Допинг правилник што не предизвикале неповолен аналитички наод или повреда на други анти-допинг правила нема да ги поништи таквите докази или резултатите.

Ако спортист или друго лице утврдило отстапување од други Меѓународни Стандарди или друго анти-допинг правило или политики кои би можеле да предизвикат прекршување на анти-допинг правило, врз основа на неповолен аналитички наод или прекршок на друго анти-допинг правило, тогаш НАДО ќе има товар да утврди дека отстапувањето не предизвикало неповолен аналитички наод или фактичка основа за прекршок на анти-допинг правило.

Фактите утврдени со одлука на судот или надлежно професионално дисциплинско тело а кои нес е предмет на очекувана жалба ќе бидат непобитен доказ против спортистот или другото лице на кое се однесувала одлуката на тие факти, освен ако спортистот или друго лице утврди дека одлуката ги прекршила начелата на природната правда.

**3.2.3** Телото за Сослушувањето во расправа за прекршувањето на анти- допинг правилото може да извлече заклучок неповолен за спортист или другото лице за кое е потврдено дека извршило прекршување на анти-допинг правилото врз основа на одбивањето на спортистот или на друго лице, после поднесено во разумен рок барање пред почетокот на расправата, да се појави на сослушувањето (или лично или по телефон како што е побарано од телото за сослушување) за да одговори на прашања на телото или НАДО Македонија.

## Член 4
## ЗАБРАНЕТА ЛИСТА

### 4.1 Вклучување на забранета листа

Овие анти-допинг правила ја вклучуваат Забранетата Листа која е објавувана и ревидирани од страна на ВАДА, како што е опишано во член 4.1 од Кодот.
*Коментар: Важечката забранета листа секогаш ке ја најдете на ВЕБ страните на ВАДА или НАДО.*

### 4.2 Забранети Супстанци и Забранети Методи идентификувани во Забранетата Листа

#### 4.2.1 Забранети Супстанци и Методи

Освен ако не е наведено поинаку во забранетата листа и / или ревизијата, забранетата листа и ревизијата ќе стапат во сила во овие анти-допинг правила три месеци по објавувањето на ВАДА без да бара никакви понатамошни дејства од страна на НАДО Македонија. Сите спортисти и други лица ќе бидат обврзани со забранетата листа и било кои ревизии на истата, од датумот кога стапила на сила, без дополнителни формалности. Одговорноста е на сите спортисти и други лица да се запознаат со ажурираната верзија на Забранетата Листа и сите ревизии на истата.

#### 4.2.2 Специфични Супстанции

За целите на применаta на член 10, сите Забранети Супстанци треба да бидат Специфични Супстанци освен супстанциите во класите на анаболни агенти и хормони и оние стимуланси и хормонски антагонисти и модулатори така идентификувани на забранетата листа. Во категоријата на Специфични Супстанци не се вклучени забранетите методи.
*[Коментар на член 4.2.2: Специфичните супстанци одредени во член 4.2.2 не треба на било кој начин да се сметаат за помалку важни или помалку опасно од други допинг супстанции. Наместо тоа, тие се едноставно супстанции кои се со поголема веројатност да се консумирани од страна на спортистот за цел различна од подобрување на спортските перформанси.]*

### 4.3 ВАДА одлуката за Забранетата Листата

Одлуката на ВАДА за забранетите супстанци и забранети методи кои ќе бидат вклучени на забранетата листа, класификацијата на супстанциите во категории на забранетата листа, и класификацијата на супстанциите што се забранети во секое време или само на натпревар, е конечна и не може да биде предмет на оспорување од страна на ниеден спортист или друго лице врз основа на аргументот дека супстанцата или методот не бил маскирен агенс или нема потенцијал за подобрување на перформансите, не претставуваат ризик по здравјето или го нарушуваат духот на спортот.

### 4.4 Дозвола за Терапевтска Употреба ("ДТУ")

**4.4.1** Присуство на забранета супстанца или нејзини метаболити и маркери, и / или употреба или обид за користење, поседување или администрација или обид за давање на забранета супстанца или забранет метод не ќе се смета за прекршување на анти-допинг правило, ако тоа е во согласност со одредбите од ДТУ издадена во согласност со меѓународните стандарди за издавање на Дозвола за Терапевтска Употреба.

**4.4.2** Доколку не е поинаку наведено од страна на НАДО Македонија во известувањето објавено на својата веб-страница, спортисти од национално ниво, кои треба да користат забранети супстанци или забранети методи за терапевтски цели треба да поднесат барање за ДТУ до НАДО веднаш штом ќе имаат потреба и во секој случај (освен во итни случаи или исклучителни ситуации или кога член 4.3 од Меѓународниот Стандард за издавање на Дозвола за Терапевтска Употреба се применува) најмалку 30 дена пред почетокот на новата натпреварувачка сезона на спортистот, користејќи го формуларот објавена на веб-станата на НАДО или соодветната спортска федерација.
НАДО Македонија преку својот ДТУ комитет веднаш ке ја разгледа апликацијата и ке издаде ДТУ или не во согласност со Мегународните Стандарди за издавање на ДТУ. НАДО Македонија ја има објавено потребната постапка за аплицирање на својата веб-страница. Одлуката на НАДО Македонија ќе биде конечна и ќе биде испратена и до ВАДА и други релевантни анти-допинг организации преку АДАМС, и исто така да Националната федерација на спортистот,во согласност со Меѓународните Стандарди за Дозвола за Терапевтска Употреба.

*Коментар на член 4.4.2: Во согласност со член 5.1 од Меѓународниот стандард за терапевтска употреба, НАДО МКД може да одбие да го разгледа претходно барањето за ДТУ за спортисти од Национално ниво во спортови, кои не се приоритет од страна на НАДО МКД во својот План за Дистрибуција тестирањата, но во тој случај ќе дозволи секој таков спортист кој е последователно тестиран да аплицира за ретроактивно ДТУ.*

*Поднесување на лажни или погрешно нецелосни информации за поддршка на ДТУ апликацијата (вклучувајќи, но не ограничувајќи се на неуспешен исход на претходна апликација во друга анти-допинг организација за таква ДТУ) може да резултира со обвинение за фалсификување или обид за фалсификување според член 2.5 .*
*Спортист не треба да претпостави дека неговата / нејзината апликација за доделување или признавање на ДТУ (или за обновување на ДТУ) ќе биде доделена. Секое користење или поседување или администрација на забранета супстанца или забранет метод, пред да се издаде ДТУ за барањето во целост е на сопствен ризик на спортистот.*

**4.4.3** Ако НАДО Македонија одлучи да тестира спортист кој не е од меѓународно ниво или од национално ниво, НАДО ќе дозволи спортистот да аплицираат за ретроактивно ДТУ за сите забранети супстанци или забранети методи кој тој / таа го користи за терапевтски причини.

*Коментар на член 4.4.3: Меѓународниот Стандард за Терапевтска Употреба, исто така, им овозможува на Националните Анти-Допинг Организација да го ограничат доделување ДТУ однапред за одредени категории на национално ниво Спортисти. Ако националната анти- допинг организација одлучи да се соберат примероци од спортист кој е спортист од национално од кого Националната Анти-Допинг организација не го прифатила барањето за ДТУ , тогаш НАДО , исто така, мора да овозможи спортистот да аплицираат за ретроактивно ДТУ, ако е потребно.*

**4.4.4** ДТУ доделена од страна НАДО е валидна само на национално ниво, не е автоматски валидна за натпреварувања од меѓународно ниво. Спортист кој е или ќе биде спортист од меѓународно ниво треба да го направи следново:

**4.4.4.1** Кога спортист веќе поседува ДТУ доделена од страна на НАДО Македонија за супстанцата или метод кои се во прашање, спортистот може да побара од неговата или нејзината Меѓународната федерација да ја препознае и признае доделената ДТУ, во согласност со член 7 од Меѓународните стандарди за Дозвола за Терапевтска Употреба. Ако ДТУ ги исполнува критериумите утврдени во Меѓународните Стандарди за издавање на Дозвола за Терапевтска Употреба тогаш Меѓународната федерација ќе ја признае за целите вонатпревари од меѓународно ниво. Ако Меѓународната федерација смета дека ДТУ доделена од страна на НАДО Македонија не ги исполнува тие критериуми и одбива да ја признае, Меѓународната федерација веднаш ќе го извести спортистот и НАДО, за причините зошто не ја прифака доделената ДТУ. Спортистот и НАДО имаат 21 ден од известувањето да го проследат предметот до ВАДА за прегледување. Ако предметот е доставен до ВАДА за прегледување во согласност со член 4.4.6. ДТУ доделена од страна на НАДО останува валидна за натпревари од национално ниво и тестирање надвор-од-натпревари (но не е валидна за меѓународно-ниво натпревари) во очекување на одлуката на ВАДА. Ако предметот не се упатува до ВАДА за преглед, ДТУ станува невалидна за било каква цел, кога крајниот рок за ревизија од 21 денови истекува.
*[Коментар на член 4.4.4.1: Дополнително на членовите 5,6 и 7,1 (а) на Меѓународниот стандард за Терапевтска Употреба, Меѓународната Федерација може да објави информации на својата веб страница дека автоматски ќе го препознае ДТУ одлуките (или категории на таквите одлуки, на пример, како на посебни супстанции или методи) направени од страна на НАДО организациите. Ако ДТУ на спортистот спаѓа во категорија на автоматски признати, тогаш тој / таа не треба да аплицираат до неговата / нејзината Меѓународната федерација за признавање на тоа ДТУ.*

*Во согласност со барањата на Меѓународниот стандард за терапевтска употреба, НАДО МКД ќе им помогне на своите спортисти да утврдат кога треба да поднесат барање за препознавање на ДТУ доделена од страна на НАДО МКД до Меѓународната федерација или на голем настан Организаторот , и ќе ги води и поддржи оние спортисти низ процесот на признавање на ДТУ.*

*Ако Меѓународната федерација одбива да ја признае ДТУ доделена од страна на НАДО МКД само поради не постоење на задоволителни медицински досиеја или други информации, кои се потребни за да се демонстрира задоволување на критериумите во Меѓународниот стандард за терапевтска употреба, ова прашање не треба да се упати до ВАДА. Наместо тоа, датотеката треба да биде комплетирана и повторно да се достави до Меѓународната федерација.*

**4.4.4.2** Доколку спортистот нема ДТУ доделена од страна на НАДО за супстанцата или методот во прашање, спортистот мора да аплицира директно до Меѓународната федерација за ДТУ во согласност со процесот утврден во Меѓународниот Стандард за издавање на Дозвола за Терапевтска Употреба. Ако Меѓународната федерација му одобрила ДТУ на спортистот, таа ќе го извести спортистот и НАДО. Ако НАДО смета дека ДТУ доделена од страна на Меѓународната федерација не ги исполнува критериумите утврдени во Меѓународниот стандард за издавање на Дозвола за Терапевтска Употреба, има 21 ден од известувањето да го проследи предметот до ВАДА на прегледување. Ако НАДО го упатува предметот до ВАДА за преглед, ДТУ доделена од страна на Меѓународната федерација останува валидна за натпревари од меѓународни ниво и за тестирање надвор-од-натпревари (но не е валиден за национално ниво натпревари и за тестирање надвор од натпреварите) до донесување на одлуката на ВАДА. Ако НАДО не го проследи предметот до ВАДА за преглед, ДТУ доделена од страна на Меѓународната федерација станува валидно и за национално ниво натпревари, и кога крајниот рок за ревизија од 21денови истекува.
[*Коментар на член 4.4.4.2: Меѓународниот Федерација и НАДО МКД можат да се согласат НАДО МКД да ги разгледа апликациите за ДТУ во име на Меѓународната федерација.]*

**4.4.5 Истекување, Поништување, укинување или Промена на ДТУ**

**4.4.5.1** ДТУ доделена врз основа на овие анти-допинг правила:
(а) ќе истече автоматски на крајот на секој рок за која е доделена, без потреба за било какви дополнителни информации или друга формалност,
(б) може да биде укинат ако спортистот не се однесува во согласност со сите барања или услови наметнати од страна на ДТУ Комисијата по доделување на ДТУ,

(в) може да се повлече од Комисијата за ДТУ доколку подоцна се утврди дека критериумите за доделување на ДТУ не се всушност исполнети или
(г) да се промени по разгледување од страна на ВАДА или по поднесена жалба.

**4.4.5.2** Во таков случај, спортистот не смее да биде предмет на какви било последици врз основа на употребата или поседување или администрација на забранети супстанци или забранет метод за која станува збор во согласност со ДТУ пред ефективниот датум на истекот, откажувањето, повлекување или промена на ДТУ. Прегледот во согласност со член 7.2 за било кој последователен позитивен аналитички наод вклучува разгледување на тоа дали ваквиот наод е конзистентен со користење на забранета супстанца или забранет метод, пред тој датум, во кој случај нема да се утврди повреда на анти-допинг правило.

### 4.4.6 Прегледи и поднесување на Жалби за ДТУ Одлуките

**4.4.6.1** Ако НАДО го одбие барањето за ДТУ, спортистот може да поднесе жалба исклучиво до телото за жалби на национално ниво опишано во членовите 13.2.2 и 13.2.3.

**4.4.6.2** ВАДА ја разгледува секоја одлука од страна на Меѓународната федерација за признавање на ДТУ доделена од страна НАДО кој е упатена на ВАДА од страна на спортистот или НАДО. Покрај тоа, ВАДА ја разгледува секоја одлука од страна на Меѓународната федерација за доделување на ДТУ која е упатена до ВАДА од НАДО. ВАДА може да ја разгледа секоја друга одлука за ДТУ во секое време, без разлика дали по барање на оние кои се засегнати или по сопствена иницијатива. Ако
одлуката за ДТУ која се разгледува ги исполнува критериумите утврдени во Меѓународниот Стандард за издавање на Дозвола за Терапевтска Употреба, ВАДА нема да се меша во неа. Ако одлуката на ДТУ не ги исполнува овие критериуми, ВАДА ќе ја поништи.

Секоја одлука во однос на ДТУ од страна на Меѓународната федерација (или од страна на НАДО кога е договорено НАДО да го разгледа барањето во име на Меѓународната федерација), која не е прегледана од страна на ВАДА, или ако е прегледана од страна ВАДА, но не е променета по ревизијата, може да се обжали од страна на спортистот и / или НАДО единствено до ССА, во согласност со член 13.
*[Коментар на член 4.4.6.3: Во такви случаи, одлуката која се обжалува е одлука на Меѓународната федерација за ДТУ, не е одлука на ВАДА да не се разгледува одлуката за ДТУ или (по разгледвањето на истата ) да не ја поништи одлуката за ДТУ. Сепак, времето да се обжали одлуката за ДТУ не започнува да тече се до датумот кога ВАДА информира за својата одлука. Во секој случај, без разлика дали одлуката била прегледана од ВАДА или не, на*

*ВАДА и се дава известување за жалбата, така што таа може да учествува ако тоа го смета за соодветно.*

**4.4.6.3** Одлуката на ВАДА да ја поништи одлуката за ДТУ би можело да се обжали од страна на спортистот, НАДО и / или Меѓународната федерација погодени единствено до ССА, во согласност со член 13.

**4.4.6.4** Неуспехот да се преземе акција во разумен рок на правилно поднесено барање за доделената ДТУ за препознавање или за ревизијата на одлука за ДТУ се смета за негирање на апликацијата.

## Член 5
## ТЕСТИРАЊЕ И ИСТРАГИ

**5.1 Целта на Тестирањето и Истрагите**
Тестирањето и Истрагите ќе бидат преземени само за анти-допинг цели. Тие треба да бидат спроведени во согласност со одредбите на Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги и посебните протоколи на НАДО како дополнување на Меѓународниот Стандард.

**5.1.1** Тестирањета ќе бидат правениза да се добие аналитички доказ за усогласеноста на спортистите (или неусогласеност) со строгите правила на светскиот Анти-Допинг КОД за забраната за присуство / користење на забранета супстанца или забранет метод . Планирањето и дистрибуцијата на тестирањето, тестирањето, активностите по тестирањето и сите поврзани активности спроведени од страна на НАДО ќе бидат во согласност со Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги -МСТИ. НАДО го определува бројот на тестовите по пласман, случаен избор и целни(таргет) тестови за да се во согласност со критериумите утврдени од страна на МСТИ. Сите одредби од Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истрагите се применуваат автоматски во однос на сите такви тестирање.

**5.1.2** Истраги ке бидат преземени:

**5.1.2.1** Во однос на Атипични Наоди, Атипични Наоди воСпортскиот Пасош и НеповолниНаоди во СпортскиотПасош, во согласност со членовите 7,4 и 7,5, односно, прибирање разузнавачки податоци или докази (особено, аналитички докази), со цел да се утврди дали анти- допинг прекршокот се случил според член 2.1 и / или член 2.2; и

**5.1.2.2** Во однос на другите индикации за потенцијалните прекршувања на анти-допинг правилата, во согласност со членовите 7,6 и 7,7, собирање разузнавачки информации или докази (вклучувајќи, особено, не-аналитички докази), со цел да се утврди дали прекршување на анти- допинг правило се случило под било кој

од членовите 2,2-2,10.

**5.1.3** НАДО би можел да ги добие, да ги оцени и обработува анти-допинг разузнавачките податоци од сите достапни извори, да информира за развојот на ефективни, интелигентни и пропорционални планови за тестирање, да се планираат целни тестирање, и / или да ја формираат основата на истрага за можните анти-допинг прекршоци.

ЗАБЕЛЕШКА: Види Секции 4.0, 11,0 и 12,0 на Меѓународниот стандард за тестирање и истраги за понатамошни насоки

**5.2 Орган за Спроведување на Тестирањата**

**5.2.1** Во согласност со ограничувањата на надлежностите за тестирање во натпреварувањата утврдени во член 5.3 од Кодот, НАДО ќе има права и надлежност да врши тестирања на натпревар и надвор од натпреварите над сите спортисти кои спаѓаат во рамките на опсегот на членот 1.3, погоре, освен ако Националната Спортска Федерација има свое Анти-Допинг тело кое ја има надлежноста за Тестирањата во натпреварите.

**5.2.2** НАДО би можел да побара од секој спортист врз кого има овластување за тестирање (вклучувајќи спортисти кои се суспендирани) да обезбеди примерок во секое време и на секое место.
*[Коментар на член 5.2.2: Освен ако спортистот има идентификувано 60 минутен временски период за тестирање кое не се однесува на временскиот период помеѓу 11:00 пм и 06:00ам, или на друг начин се согласил да биде тестиран за време на тој период, НАДО МКД нема да го тестираат спортистот за време на тој период освен ако постојат сериозни и конкретни сомневања дека спортистот може да бил инволвиран во допинг. Sporeweto за тоа дали НАДО МКД имал доволен сомнеж за тестирање во тој период не смее да биде одбрана за анти-допинг прекршок врз основа на таквите тестирања или обид за тестирање.*

**5.2.3** ВАДА ќе има овластување за тестирања на натпревар и надвор од натпревар како што е утврдено во член 20.7.8 од Кодексот.

**5.2.4** Ако Меѓународната федерација или организатор на голем настан се согласи и договори со НАДО да ги отстапи делумно или целосно тестирањата за време на натпреварите (директно или преку Националната федерација), НАДО може да собира дополнителни примероци или нарача лабораторијата да врши дополнителни видови на анализа на сметка на НАДО. Ако дополнителни примероци се собираат или дополнителни видови на анализа се вршат, Меѓународната федерација или Организаторот на настанот мора да биде

известен.

**5.2.5** Каде друга анти-допинг организација со авторитет за тестирање над спортист кој е подложен на овие анти-допинг правила спроведува тестирање на тој спортист, НАДО и Националната федерација на спортистот, ги признаваат спомenatите Тестирањето во согласност со член 15, и (ако се согласиле со други анти-допинг организации или на друг начин предвидени во член 7 од Законот) НАДО или соодветната федерација може да поведе постапка против спортист во согласност со овие анти-допинг правила за било кој анти-допинг прекршок кои произлегуваат во однос на таквите тестирања.

**5.3 Тестирањето на место на настанот**

**5.3.1** Освен како што е предвидено во член 5.3 од Кодексот, само една организација треба да бие одговорна за поведување и водење на тестирањето на местото на настанот за време на периодот на настанот. На меѓународни настани кои се одржуват во дадена држава, тестирањето ќе биде покренато во режија на Меѓународната федерација (или која било друга меѓународна организација која е водечко тело за настанот). Во Националната настани кои се одржуваат во дадена држава ќе биде покрената собирање на примероци и во режија на НАДО односно соодветната спортска федерација доколку има свое Анти-Допинг тело. На барање на НАДО (или водечкото тело за тој настан), било кое тестирање во текот на периодот на натпреварите а надвор од местото на настанот ќе бидат координирани со НАДО (или соодветното водечко тело).

**5.3.2** Ако Анти-Допинг Организација која инаку би имала овластување за тестирање, но не е одговорна за иницирање и водење на тестирањето на место на настанот но сака да спроведе тестирање на спортисти на местото на настанот за време на настанот, анти-допинг организацијата прво ќе се состане со НАДО (или водечкото тело на настанот) да добијат дозвола за спроведување и ги координираат такви тестирања. Ако анти- допинг организацијата не е задоволна со одговорот од НАДО (или водечкото тело на настанот), анти-допинг организација може да побара од ВАДА дозвола да спроведе тестирање и да се утврди како да се координираат ваквите тестирање, во согласност со постапките утврдени во меѓународните стандарди за тестирање и истраги.ВАДА нема да даде одобрение за такви тестирањето на место на настанот пред да изврши консултации и информирање со НАДО (или водечкото тело на настанот).
Одлуката на ВАДА е конечна и не подлежи на жалба. Освен ако не е поинаку предвидено во одобрението за спроведување тестирање, таквите тестови ќе се сметат за Надвор- од-Натпревар тестови. Менаџментот на Резултатите за секое такво испитување треба да биде одговорност на анти-допинг организацијата која го иницира тестирањетота, освен ако не е наведено поинаку во правилата на водечкото тело на настанот.

**5.3.3** Националните федерации и организирачкиот комитет за национални настани може да овластат и овозможат независна програма за надгледување на таквите настани.

### 5.4 Планирање и Дистрибуција наТестирањата

Во согласност со Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги, и во координација со други анти-допинг организации кои спроведуваат тестирање на истите спортисти, НАДО ќе развие и имплементира ефикасен, интелигентен и пропорционален план за тест дистрибуција кој дава соодветен приоритет помеѓу различните дисциплини, категории на спортисти, типови на тестирање, видови на примероци собрани, и видови на анализите на примероците, сите во согласност со барањата на Меѓународниот Стандард за Тестирање и Истраги. НАДО треба да обезбеди копија од важечкиотплан за тест дистрибуција до ВАДА на нејзино барање.

Забелешка: НАДО мора да ги базираат плановите за дистрибуирање на тестовите врз критериумите од секција 4.0 од Мегународните стандарди за тестирање и истраги.

### 5.5 Координација на тестирањето

Каде е разумно изводливо, тестирањата треба да бидат координирани прекуАДАМС или друг систем одобрен од ВАДА, со цел да се зголеми ефикасноста на комбинираните тестирања и да се избегнат непотребни повторувачки тестирања

### 5.6 Информации за Достапност(локализација) на Спортистите

**5.6.1** НАДО ќе создаде регистрирана група за тестирање од оние спортисти кои треба да се усогласат со доставување на информации за Достапност (местото каде се наоѓа) условите од Анекс 1 на меѓународните стандарди за тестирање и истраги. Секој спортист од регистрираното тело за тестирање ќе го направи следново, во согласност со Анекс 1 на Меѓународниот Стандард за Тестирање и Истрагите: (а) ја информира НАДО за неговита достапност за тестирање на квартална основа, (б) да ја ажурира таа информација како што е потребно, така што таа и понатаму останува точна и целосна во секое време, и (в) да биде достапен за тестирање во согласност со тие информации.

НАДО ќе ја стави на располагање преку АДАМС листата која ги идентификува оние спортисти вклучени во регистрираната група за тестирање или со име или со јасно дефинирани, специфични критериуми. НАДО ќе го координира со Меѓународната федерација идентификувањето на такви спортисти и собирањето на информации за местото на достапност. Доколку спортистот е вклучен во меѓународно регистрирана група за тестирање од страна на неговата / нејзината Меѓународна федерација и во национална регистрирана група за тестирање од НАДО, тогаш НАДО и Меѓународната федерација ќе се договорат

меѓу себе кој од нив ќе ги прифати информациите за достапност од спортистот; во никој случај не ќе се бара од спортистот да достави информации за достапност за тоа каде се наоѓа на повеќе од една организација.

**5.6.2** За целите на член 2.4, неуспехот на спортистите да се усогласат со барањата на Меѓународниот Стандард за Тестирање и Истраги ќе се смета наекоректно доставување на податоците за достапност или пропуштен тест (како што е дефинирано во Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги), ако се исполнети условите за утврдување на пропуст во доставување на информациите за достапност, доставување на неточни податоци за достапност или пропуштени тест дефинирани во МСТИ.

**5.6.3** Спортистот вклучен во регистрираната група за тестирање на НАДО ќе продолжи да биде предмет на обврската да се усогласи со доставување на информации за тоа каде се наоѓаспоред условите од Анекс 1 на МСТИ доколку и се додека (а) Спортистот не даде писмено известување доНАДО дека тој / таа се повлекува од натпреварувањето или (б) тогаш кога НАДО ке го информира него / неа дека тој / таа веќе не ги задоволува критериумите за вклучување во НАДО регистрираната група за тестирање.

**5.6.4** Информацијата за достапност на спортистот ќе биде објавена (преку АДАМС) за ВАДА и останатите анти-допинг организации кои имаат овластување да ги тестираат тие спортисти, ќе се чуват во строга доверливост во секое време, и ќе се користат исклучиво за целите утврдени во член 5.6 од Кодексот, и ќе бидат уништени во согласност со Меѓународните Стандарди за Заштита на Приватноста и Личните Информации, откако повеќе не ке се релевантни за овие намени.

**5.7 Повлекување на спортисти од натпреварувањето повторно враќање во натпреварувањето**

**5.7.1** Спортистот во НАДО регистрираната група за тестирање кој дал известување за повлекување од спортоувањето до НАДО не може да се врати и натпреварува во националните првенства или меѓународни настани, се додека тој / таа не дал до НАДО писмено известување за неговата / нејзината намера да продолжи да се натпреварува и биде достапен за тестирање шест месеци пред да се врати во натпреварувањата, вклучувајќи (ако биде побарано) во согласност со доставување на информации за Достапност според условите од Анекс 1 на Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги. ВАДА, во консултација со НАДО и Меѓународна Федерација на спортистот, може да одобри ослободување од оваа правило за претдвремено (шест месеци) писмено известување, каде строгата примена на тоа правило ќе биде очигледно нефер за спортистот. Оваа одлука може да се обжали во согласност со член 13. Сите натпреварувачки резултати добиени со прекршување на овој член 5.7.1 ќе бидат

дисквалификувани.

**5.7.2** Доколку спортист се повлече од спортот додека е предмет на период на неподобност, спортистот не смее да се врати и натпреварува во националните првенства или меѓународни натпреварувања, се додека спортистот нема дадено шест месеци претходно писмено известување (или еквивалентно известување преостнатиот периодот на неподобност кој останал, ако тој период бил подолг од шест месеци) до НАДО и до неговата / нејзината Меѓународната федерација за неговата/ нејзината намера да да се врати и натпреварува и биде достапен за тестирање за дадениот период за кој дал известување, вклучувајќи (ако биде побарано) усогласеност со доставување на Информации за Достапност според условите од Анекс 1 на меѓународните стандарди за тестирање и истраги.

## Член 6
## АНАЛИЗА НА ПРИМЕРОЦИТЕ

Примероците се анализираат во согласност со следните принципи:

**6.1** Користење на Акредитирани и Одобрени Лаборатории
За целите на член 2.1, Мострите се анализираат само во лабораториите акредитирани или на друг начин одобрени од ВАДА. Изборот на акредитирани од ВАДА или ВАДА-одобрена лабораторија кои ке се користат за анализа на примероците ќе биде направен исклучиво од страна на НАДО или АД организацијата која го врши тестирањето.
*Коментар на член 6.1: Прекршување на член 2.1 може да се воспостави само со анализа на примероците изведена од страна на лабораторија акредитирана или на друг начин одобрен од ВАДА. Повреди на други членови можат да се основаат користејки ги аналитички резултати од други лаборатории се додека резултатите се веродостојни.*

**6.2 Целта на анализа на примероци**

**6.2.1** Примероците се анализираат за откривање на забранети супстанци и забранети методи а и други супстанции, како што може да биде побарано од ВАДА согласно Програмата за Мониторинг што е опишано во член 4.5 од Кодот или да помогне во профилирање релевантни параметри во урината, крвта или други матрици, вклучувајќи ДНК или геномски профилирања на спортистот, или за било која друга легитимна анти-допинг намена. Примероците може да се собираат и чуваат за евентуални идни анализи.
*[Коментар на член 6.2: На пример, релевантни информации од профилирањето може да се користат за насочување на таргетирани тестирања или за поддршка на постапка за анти-допинг прекршок според член 2.2, или и двете.]*

**6.2.2** НАДО ќе побара од лабораториите да ги анализираат примероците во согласност со член 6.4 од Кодот и член 4.7 од Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги- МСТИ.

**6.3 Истражување на примероците**

Ниеден примерок не смее да се користи за истражување без писмена согласност од спортистот. Примероците употребени за цели поинакви од Член 6.2 мора да ги одстранат сите идентификациони средства, така што тие не можат да се поврзат со одреден спортист.

**6.4 Стандарди за анализа на примероците и известување**

Лабораториите ќе ги анализираат примероците и ке известуваат за резултатите во согласност со Меѓународните Стандарди за Лаборатории. Да се обезбедат ефективни тестирања, Техничкиот Документ што е посочен во член 5.4.1 од Кодотдефинира какви анализи и менија на основа на проценка на ризикот својствен на поедини спортовии спортски дисциплини, а лабораториите ке ги анализираат примероците во согласност со тие менија, освен како што следува:

**6.4.1** НАДО може да побара од лабораторијата да ги анализира неговите примероците користејќи посеопфатни менија од оние опишани во Техничкиот Документ.

**6.4.2** НАДО МКД може да побара од лабораториите да ги анализират неговите примероци со користење на помалку обемни менија од оние опишани во техничкиот документ, само доколку има согласност со ВАДА дека поради посебните околности во нашата земја или на спортот во прашање, како што е утврдено во планотза дистрибуцијана тестирањата, и помалку обемната анализа ќе биде соодветна.

**6.4.3** Како што е предвидено во Меѓународниот Стандард за Лаборатории, лабораториите на своја сопствена иницијатива и трошок може да анализират примероци за забранети супстанции или забранети методи кои не се вклучени на менито за анализите на примероците што е опишано во техничкиот документ или специфицирани од страна на нарачателот на тестирањето. Резултатите од секоја таква анализа ќе се пријават и се со иста важност и последици како и секој друг аналитички резултат.

*Коментар на член 6.4: Целта на овој член е да се прошири принципот на "интелигентни тестирање" на менито за анализа на примероците со цел за многу поефективни и поефикасни откривања на допинг.*
*Познато е дека ресурсите на располагање за борба против допингот се ограничени и дека зголемувањето на менито за нализа на примерокот,би можело да, во некои спортови и земји, го намали бројот на примероци кои може да се анализираат.*

**6.5 Додатна анализа на примероци**

Секој Примерок може да се чува и последователно подложи на понатамошна анализа за целите утврдени во член 6.2 (а) од ВАДА во секое време; и / или (б) од НАДО во секое време пред аналитичките резултати од двата А и Б примероци (или резултатот од А примерок каде анализа на Б примерокот е одкажана или не ќе биде правена) биле соопштени од страна на НАДО до спортистот како потврдена основа за анти-допинг прекршок по член 2.1. Такви понатамошни анализи на примероците ке се во согласност со барањата на Меѓународниот Стандард за Лаборатории и Меѓународниот Стандард за Тестирање и Истраги.

## Член 7
## МЕНАЏИРАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ

**7.1 Одговорност за Спроведување на Менаџирање со Резултатите**

**7.1.1** НАДО Македонија или Соодветното Анти-Допинг тело при Националната Федерација ќе ја преземе одговорноста за менаџирање со резултатите во однос на спортисти и други лица под својата анти-допинг надлежност во согласност со принципите утврдени во член 7 од КОДОТ.

**7.1.2** За потребите за утврдување на одговорноста за менаџмент на резултатите, каде НАДО избира да се соберат дополнителни примероци во согласност со условите предвидени во член 5.2.4, тогаш НАДО ќе се смета за Анти-Допинг Организацијата која го иницираала и во чија режија се земани примероците. Меѓутоа, кога НАДО само побарал од лабораторија да изврши дополнителни видови на анализа на сметка на НАДО, тогаш Меѓународната федерација или организаторот на голем настан се смета за Анти-Допинг Организацијакоја го иницирала и во чија режија се собирани примероците.

**7.2 Преглед на Неповолниот Аналитички Наод од тестови иницирани од страна на НАДО**

Менаџирањето со резултатите од тестовите иницирани од НАДО ќе продолжи како што следува:

**7.2.1** Резултатите од сите анализи треба да бидат испратени до НАДО во кодирана форма и во извештај потпишан од овластениот претставник на лабораторијата. Целата комуникација мора да биде спроведена доверливо и во согласност со АДАМС.

**7.2.2** По приемот на позитивниот аналитички наод, НАДО ќе изврши проверка за да се утврди дали:

(а) е одобрена или ќе биде доделена Дозвола за Терапевтска Употреба -ДТУ како што е предвидено во Меѓународниот Стандард за Терапевтска Употреба,

или
(б) има отстапување од Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги или Меѓународните Стандарди за Лабораторији кои предизвикале штета на аналитичките наоди.

**7.2.3** Ако прегледот на Позитивниот Аналитички Наод според член 7.2.2 открива применлива ДТУ или отстапување од Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги или на Меѓународните Стандарди за Лабораторији кои го предизвикале атипичниот наод, целиот тест ќе се смета за негативен и спортистот, Меѓународната Федерација на спортистот Националната федерација на спортистот и ВАДА ќе бидат известени за тоа.

**7.3 Известување по прегледот што се однесува на Позитивниот Аналитички Наод**

**7.3.1** Ако со прегледот на Неповолниот Аналитички Наод според член 7.2.2 не се утврди постоење на соодветна дозвола за ДТУ или право на ДТУ како што е предвидено во Меѓународниот Стандард за Терапевтска Употреба, или отстапување од Меѓународните Стандарди за Тестирање и истраги или Меѓународниот Стандард за Лабораторији кои што предизвикале неповолниот аналитички наод, НАДО веднаш ќе го извести спортистот, а истовремено и Меѓународната Федерација на спортистот, Националната федерација на спортистот и ВАДА на начин утврден во член 14.1, за: (а) Неповолниот Аналитички Наод; (б) Повреденото Анти-Допинг правило ; (в) правото на спортистот да побара анализа на Б примерокот, или доколку такво барање не е доставено во одреден рок, дека анализата на Б примерокот ке се смета за откажана;(г) закажаниот датум, време и место за анализа на Б примерокот ако спортистот или НАДО одлучи да побара анализа на Б примерокот; (д) можност за спортистот и / или неговиот претставник да присуствува на отворањето и анализата naБ примерокот, во согласност со Меѓународните Стандарди за Лабораторији; и (ѓ) правото на спортистот да побара копии од лабораториската документација за А и Б примероците која содржи информации како што се бара од страна на Меѓународниот Стандард за Лабораторији. Ако НАДО одлучи да не го проследи Неповолниот Аналитички Наод како прекршок на анти-допинг правило, за тоаќе го извести спортистот, Меѓународната Федерација на спортистот, Националната Федерација на спортистот и ВАДА.

**7.3.2** Каде е побарано од страна на спортистот или НАДО, треба да се направи припрема за да се анализира Б примерокот во согласност со Меѓународните Стандарди за Лабораторији. Спортистот, може да го прифати резултатот од анализата на А примерокот и се откаже од барањето за анализа на Б примерокот. НАДО сепак, може да избере да се продолжи со анализа на Б примерокот.
На спортистот и / или неговиот претставник, ќе им биде дозволено да

присуствуваат на анализата на Б примерокот,а исто така, претставник на НАДО факултативно, како и претставник на Националната Федерација.

**7.3.3** Ако анализата на Б примерокот не го потврди резултатот од анализата на А примерокот, тогаш (освен ако НАДО не го смета случајот како анти-допинг прекршок според член 2.2) целиот тест ќе се смета за негативен и за тоа ќе бидат известени. спортистот, Меѓународната Федерација, Националната Федерација на спортистот и ВАДА

**7.3.4** Доколку анализата на Б примерокот го потврди наодот од анализата на А примерокот, резултатите ќе бидат доставени до: спортистот, Меѓународната Федерација на спортистот, Националната Федерација на спортистот, и ВАДА.

**7.4 Преглед на атипична наоди**

**7.4.1** Како што е предвидено во Меѓународниот Стандард за Лаборатории, при некои околности, лабораториите се насочени да го пријават присуството на забранети супстанции, кои исто така може да бидат произведени ендогено, како Атипични Наоди, односно, како наоди кои се предмет на понатамошна истрага.

**7.4.2** По приемот на Атипичниот Наод НАДО ќе изврши проверка за да се утврди дали: (а) применлива ДТУ е одобрена или ќе биде одобрена како што е предвидено во Меѓународниот Стандард за Терапевтска Употреба, или (б) постои отстапување од Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги или Меѓународен Стандард за Лаборатории кои предизвикале Атипични Наоди.

**7.4.3** Ако со прегледот на Атипични Наоди, според член 7.4.2 се утврди постоење на применлива ДТУ или отстапување од Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги или на Меѓународниот Стандард за Лаборатории кои предизвикале Атипичен Наод, целиот тест ќе се смета за негативен и за тоа ќе бидат известени спортистот, Меѓународната Федерација на спортистот и ВАДА.

**7.4.4** Ако со тој преглед не се утврди постоење на применливи ДТУ или отстапување од Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги или на Меѓународниот Стандард за Лаборатории кои предизвикале Атипични Наоди, НАДО ја врши потребната истрага или ке побара таа да се спроведе. По завршувањето на истрагата, или Атипичниот Наод ќе биде прогласен како Неповолен Аналитички Наод, во согласност со член 7.3.1, или, спортистот, Меѓународната Федерација на спортистот, Националната Федерација на спортистот и ВАДА ќе бидат известени дека Атипичниот Наод нема да се смета како Неповолен Аналитички Наод.
НАДО МКД нема да даде известување за Атипичен Наод додека не ја заврши својата истрага и одлучи дали тој Атипичен Наод ке го третира како Неповолен Аналитички Наод, освен ако некоја од следниве околности постои:

**7.4.4.1** Ако НАДО МКД одреди дека Б примерокот треба да се анализира пред да ја заклучи својата истрага, може да ја спроведе анализата на Б примерокот по известувањето на спортистот, и во таа информација да вклучи опис на Атипичниот Наод и информациите опишани во член 7.3.1 (д) - (ф).

**7.4.4.2** Ако а) Организаторот на голема спортска манифестација побара од НАДО непосредно пред некој од неговите меѓународни настани, или (б) од страна на спортската организација одговорна за избор на членовите на тимот за меѓународен настаннепосредно пред настанот, да открие дали некој од спортисте идентификувани на списокот обезбеден за спортскиот настан од спортските организации е во очекување на Атипични Наоди, НАДО ке гоинформира организаторот на големиот спортски настан или спортска организација откако ке го информира спортистот за Атипични Наоди.

**7.5 Преглед на Атипични Наоди во Спортскиот Пасош и Неповолните Наоди во Спортскиот Пасош**

Преглед на Атипични Наоди во Спортскиот Пасош и Неповолните Наоди во Спортскиот Пасош ќе се спроведе како што е предвидено во Меѓународниот Стандард за Тестирање и Истраги и Меѓународниот Стандард за Лаборатории. Во моментот кога НАДО е убеден дека анти- допинг прекршокот се случил, веднаш ќе го информира спортистот (и истовремено Меѓународната федерација на спортистот, Националната федерација на спортистот и ВАДА) за потврдениот прекршок на анти- допинг правилото и основата за тоа тврдење.

**7.6 Преглед на неточни или не навреме доставени Информациите за Достапност**

НАДО ќе го разгледа потенцијалниот неуспех да се поднесат Информациите за Достапност или пропуштени тестови (како што е дефинирано во Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги) во однос на спортисти кои треба да достават Информациите за Достапност до НАДО, во согласност со Анекс 1 на Меѓународните Стандарди за тестирање и истраги . Во истиот момент кога НАДО е убеден дека се случил анти-допинг прекршок според член 2.4, веднаш ќе го информира спортистот (и истовремено Меѓународната федерација на спортистот, Националната федерација на спортистот, и ВАДА) информирајќи дека ја потврдува повредата од член 2.4 и основата за тоа тврдење.

**7.7 Преглед на други повреди на анти-допинг правилата кои не се опфатени со членовите 7.2 до 7.6**

НАДО, мора да спроведе дополнителни истраги за можните повреди на анти-допинг правило кои не се опфатени со членовите 7.2-7.6. Во истиот момент кога НАДО е убеден дека прекршување на анти-допинг правилото се случило, веднаш ќе го информира спортистот или друго лице (а истовремено Меѓународната федерација на спортистот, Националната федерација на спортистот, и ВАДА) за потврденото прекршување на анти-допинг правилото, и

за основата за тоа тврдење.

**7.8 Идентификација на Поранешни прекршоци на Анти-Допинг правилата**
Пред да му се даде на спортистот или друго лице известувањето за можното прекршување на анти-допинг правило како што е предвидено погоре, НАДО го користи АДАМС системот и контактира со ВАДА и останатите релевантни анти-допинг организации за да се утврди дали имало поранешно прекршување на анти-допинг правилата.

**7.9 Привремени Суспензии**

**7.9.1** Задолжителна Привремена Суспензија
Ако анализата на А примерокот резултира со Неповолен Аналитички Наод за забранета супстанца која не е во групата на специфични супстанци, или за забранети методи, и прегледот во согласност со член 7.2.2 не открие применливи ДТУ или отстапување од Меѓународните Стандарди за Тестирање и Истраги или на Меѓународниот Стандард за Лаборатории кои предизвикале неповолен аналитички наод, Привремената Суспензија се изрекува веднаш или по известувањето опишано во членовите 7.2, 7.3 или 7.5.

**7.9.2** факултативно Привремена Суспензија:
Во случај на Неповолен Аналитички Наод за специфични супстанци, или во случај на било кое друго прекршување на Анти-Допинг правилата кои не се опфатени со член 7.9.1, НАДО може да наметне привремена суспензија на спортистот или друго лице на кое му е потврдено прекршување на Анти-Допинг правило во секое време по прегледот и известувањето опишано во член 7.2-7.7 и пред завршната расправа како што е опишано во член 8.

**7.9.3** Кога Привремената Суспензија е изречена согласно член 7.9.1 или 7.9.2, на спортистот или другото лице ќе му се даде или: (а) можност за привремено сослушување било пред или според редовниот временскиот рок, по изрекувањето на Привремена Суспензија; или (б) можност за забрзана завршната расправа во согласност со член 8 навремено по изрекувањето на Привремена Суспензија. Понатаму, спортист или друго лице има право на жалба на Привремената Суспензија во согласност со член 13.2 (освен како што е наведено во член 7.9.3.1).

**7.9.3.1** Привремената Суспензија може да биде укината ако спортистот увери органот кој го сослушува дека повредата е веројатно поради користење на контаминирани производи. Одлуката на Телото за Расправа да не се укине задолжителната Привремена Суспензија по тврдењата на спортистот во врска со контаминирани производи не смее да бида обжалива.

**7.9.4** Доколку Привремена Суспензија е изречена врз основа на Неповолен Аналитички Наод на А примерокот а последователната анализа на Б примерокот не го потврди резултатот од анализата на А примерокот, тогаш спортистот не смее да биде предмет на каква било понатамошна Привремена Суспензија на сметка на повреда на член 2.1. Во услови кога спортистот (или екипата на спортистот) е отстранета од конкуренцијата врз основа на повреда на член 2.1 а потоа анализата на Б примерокот не го потврди резултатот од анализата на А примерокот, тогаш ако тоа се уште е можно за спортистот или екипата да се вклучат без инаку да влијаат на натпреварувањата, спортистот или екипатата може да продолжи да учествува во натпреварувањето. Покрај тоа, спортистот или екипата потоа може да учествува во други натпревари во истиот настан.

**7.9.5** Во сите случаи каде спортистот или друго лице е известено за прекршување на анти-допинг правило, но Привремената Суспензија не му е изречена, на спортистот или обвинетото лице ќе му биде понудена можност да ја прифати привремена суспензија доброволно во очекување на решавањето на ова прашање.

*[Коментар на член 7.9: Времето на привремена суспензијаке се пресмета во вкупниот период на неподобност кое му се одредува на Спортисти и други лица. Види член 10.11.3.1 и 10.11.3.2.]*

**7.10 Носење на одлука без расправа**

**7.10.1** Спортист или друго лице за кое се претпоставува дека сторил Прекршок на Анти-Допинг Правилото може да го признае прекршокот во секое време, да се откаже од сослушувањето, и да ги прифати последиците кои се регулирани од страна на овие анти-допинг правила или (каде што постои дискреција за последиците во рамките на овие Анти-Допинг Правила) кои му биле понудени од страна на НАДО.

**7.10.2** Алтернативно, ако спортист или друго лице за кое се претпоставува дека сторил Прекршок на Анти-Допинг Правило не успее да го оспори тоа тврдење во рокот наведен во известувањето испратена од страна на НАДО кое ја претпоставил повредата, тогаш ке се смета дека тој / таа ја признава повредата, се откажал од сослушувањето, и ги прифаќа последиците кои имаат мандат од страна на овие анти-допинг правила или (каде што постои дискреција за последиците во рамките на овие Анти-Допинг Правила) кои му биле понудени од страна на НАДО.

**7.10.3** Во случаи кога се применува член 7.10.1 или член 7.10.2, расправа пред телото за сослушување не е задолжителна. Наместо тоа НАДО веднаш ќе издаде писмена одлука со која се потврдува извршувањето на прекршување на анти-допинг правило и последиците наметнати како резултат на тоа, и

утврдувањето на причините за периодот на неподобност кој е наметнат, вклучувајќи (ако е применливо) оправдување зошто максималниот потенцијален период на неподобност не бил наметнат. НАДО ќе испрати копии од таа одлука до другите Анти- Допинг Организации со право на жалба согласно член 13.2.3, и јавно ке ја објави таа одлука во согласност со член 14.3.2.

**7.11 Известување за одлуките по менаџирањето на резултатите**

Во сите случаи каде НАДО го потврдил прекршувањето на анти-допинг правилото, го повлекол тврдењето за прекршок на анти-допинг правилото, изречената привремена суспензија, или се договорил со спортистот или друго лице за наметнување на последиците без сослушување, НАДО ќе даде известување за тоа во согласност со член 14.2.1 до другите Анти-Допинг Организации со право на жалба согласно член 13.2.3.

**7.12 Повлекување од Спортот**

Ако еден спортист или друго лице се повлече од спортувањето додека НАДО го спроведува процесот на менаџирање на резултатите, НАДО ја задржува надлежноста да ја заврши својата постапка на менаџирање со резултатите. Ако еден спортист или друго лице се повлече од спортувањето пред започнувањето на било какви процеси на менаџирање на резултатите, а НАДО имал овластување за менаџирање на резултатите над спортистот или друго лице во времето кога спортистот или другото лице извршило прекршување на анти-допинг правило, НАДО има овластување да спроведи менаџирање на резултатите во однос на тој анти-допинг прекршок.

*[Коментар на член 7.12: Начинот на однесување од страна на спортист или друго лице пред спортистот или другото лице било предмет на надлежност на која било анти-допинг организација не би претставувало анти-допинг прекршок, но би можело да биде легитимна основа за одбивање на спортистот или другите лица членство во спортска организација.]*

## Член 8
## ПРАВО НА ФЕР СОСЛУШУВАЊЕ

Во согласност со член 8.1 од Кодексот секоја Анти-Допинг Организација со одговорност за менаџирање со резултатите ќе обезбеди процес на сослушување за кој било спортист или друго лице за кое е потврдено дека извршил анти-допинг прекршок во согласност со принципите утврдени во член 8 од Кодот

**8.1 Сослушување во постапката за менаџирање на резултатите**

**8.1.1** НАДО именува допинг тело за сослушување, составена од претседател кој треба да е дипломиран правник со најмалку пет годишно искуство еден дипломиран доктор на медицина со најмалку пет години работно искуство и познавање на материјата од допинг супстанците, третиот член е спортски

работник(бивши спортист и тн); и администратор. Сите ќе бидат именувани да се непристрасни или на друг начин да постои било каков конфликт на интереси за да сослушувањето биде максимално фер и непристрасно. Секој член се именува со мандат од четири години. Ако некој член почине или даде оставка, НАДО може да определи друго лице на телото за да се пополни тоа место. Лицето, така именувано, ќе биде назначено за преостанатиот дел од мандатот на членот кој го заменил.

**8.1.2** Кога НАДО испраќа известување до спортистот или друго лице тврдејќи дека има сторен прекршок на анти-допинг правилото, а спортистот или другото лице не се откаже од сослушувањето во согласност со член 7.10.1 или член 7.10.2, тогаш случајот ќе биде поднесен до Телото за Допинг Сослушување за сослушување и пресудување. По поднесувањето на овој предмет, Телото за Допинг Сослушување постапува со сослушувањето и решава по ова прашање.
Именуваните членови треба да немаат претходна вклученост со случајот. Секој член, по назначувањето, ќе открие на претседателот дека нема никакви околности кои можат да влијаат врз непристрасноста во однос на било која од страните.

**8.2 Принципи за Фер Сослушување и Одлучување**

**8.2.1** Сослушувањата ќе бидат закажани и завршени во разумен рок. Расправи одржани во врска со настаните кои се предмет на овие анти- допинг правила може да се вршат во забрзана постапка, кога е дозволено од страна на телото за сослушување.

**8.2.2** Телото за сослушување ја утврдува процедурата која треба да се следи на расправата.

**8.2.3** ВАДА и Националната федерација на спортистот или друго лице може да присуствуват на сослушувањето како набљудувачи. Во секој случај, НАДО ќе ја информира ВАДА во целост за статусот на тековните случаи и резултатите на сите сослушувања.

**8.2.4** Телото за сослушување постапува фер и непристрасно кон сите страни во сите времиња.

**8.3 Одлуките на Телото за Сослушување**
**8.3.1** На крајот од расправата, или навремено потоа, Телото за Сослушување при НАДО Македонија издава писмено, со датум и потпис, одлука (или едногласно или со мнозинство) каде се вклучени целосно причините за одлуката и за било кој период на неподобност, вклучувајќи (ако е применливо) оправдување за тоа зошто максималните потенцијални последици не се наметнати.

**8.3.2** Одлуката ке се обезбеди од страна на НАДО до спортистот или друго лице, до неговата / нејзината Национална Федерација, и до Анти- Допинг организации со право на жалба согласно член 13.2.3.

**8.3.3** Одлуката може да се обжали како што е предвидено во член 13. Ако не се поднесе жалба против одлуката тогаш, (а) ако одлуката е дека анти-допинг правилото е прекршено, одлуките ке бидат јавно објавени како што е предвидено во член 14.3.2; но (б) ако одлуката е дека ниедно анти-допинг правило не е прекршено, тогаш одлуката ќе биде само јавно обелоденета со согласност на спортистот или лицето кое е предмет на одлуката. НАДО ќе се потруди да се добие таква согласност, и ако согласноста е добиена, јавно ќе ја објави таа одлука во целост или во таква редактирана форма како што спортистот или другото лице одобри.
Во случаи на малолетно лице ќе се применуваат начелата кои се содржани во член 14.3.6.

**8.4 Поединечна расправа пред CCA-(КАС)**
Случаи во кои се потврдени прекршување на анти-допинг правилата против спортисти од меѓународно ниво или на национално ниво би можело да се сослушат директно пред CCA, без барање за претходна расправа, со согласност на спортистот, НАДО, ВАДА, и секоја друга Анти-Допинг Организација кои би имале право на жалба на првостепената одлука до CCA.

## Член 9
## АВТОМАТСКА ДИСКВАЛИФИКАЦИЈА НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Анти-допинг прекршок во индивидуалните спортови во врска со тестирањето на натпревар, автоматски води до дисквалификација на резултатите постигнати на тој натпревар со сите последици, вклучувајќи одземање на медали, бодови и награди.
*[Коментар на членот 9: За тимски спортови, сите награди добиени од страна на индивидуални играчи ќе бидат дисквалификувани. Сепак, дисквалификацијата на тимот ќе биде како што е предвидено во член 11 во спортови кои не се Тимски Спортови но каде наградите се даваат на тимови, дисквалификација или други дисциплински мерки против тимот кога еден или повеќе членови на тимот извршиле прекршување на анти-допинг правило се предвидени во применливите правила на Меѓународната федерација.]*

## Член 10
## САНКЦИИ ЗА ПОЕДИНЦИ

**10.1 Дисквалификација на резултатите од настанот за време на кој е откриен прекршокот на анти-допинг правилото**

Прекршок на Анти-Допинг правило кое се случува за време или во врска со еден настан може, по одлуката на организаторот на настанот, да доведе до дисквалификација на сите индивидуални резултати на спортистот добиени во тој случај со сите последици, вклучувајќи одземање на сите медали, бодови и награди, освен како што е предвидено во член 10.1.1.

Фактори кои треба да бидат разгледани дали да се дисквалификуваат другите резултати во тоа натпреварување може да вклучува, на пример, сериозноста на анти-допинг прекршокот на спортистот и дали спортистот бил допинг позитивен во други натпревари.
*[Коментар на член 10.1: Каде што членот 9 го дисквалификува резултатот во еден натпревар во кој спортистот е позитивен на тестот (на пример, 100 метри грбно), овој член може да доведе до дисквалификацијата на сите резултати на сите трки во текот на тој настан (на пример, Светско првенство во водени спортови).*

**10.1.1** Доколку спортистот докаже дека тој или таа не носи вина или небрежност што довело до прекршувањето, поединечните резултати на спортистот во другите натпревари нема да бидат дисквалификувани, освен ако резултатите на спортистот во натпреварите на кои не бил направен прекршокот на анти-допинг правилото, најверојатно, би биле погодени од анти-допинг прекршокот што го сторил спортистот на други натпревари.

**10.2 Неподобност(Суспензија) поради Присуство, Користење или Обид за Користење, или Поседување на Забранети Супстанци и Забранети Методи**
Периодот на неподобност за повреда на членовите 2.1, 2.2 или 2.6 ќе биде како што следува, и е предмет на потенцијалните намалувања или укинување согласно членовите 10.4, 10.5 или 10.6:

**10.2.1** Периодот на неподобност ќе биде четири години, каде што:

**10.2.1.1** Прекршувањето на анти-допинг правилото не вклучува специфични супстанци, освен ако спортистот или друго лице може да потврди дека прекршувањето на анти-допинг правилото не било намерно.

**10.2.1.2** Прекршување на анти-допинг правилото ги вклучува и специфичните супстанци и НАДО може да потврди дека прекршувањето на анти-допинг правилото било намерно.

**10.2.2** Ако Член 10.2.1 не се применува, периодот на неподобност ќе биде две години.
Кога е користен во членовите 10.2 и 10.3, терминот "намерно" се користи да се идентификуваат оние спортисти кои мамеле. Терминот, според тоа, бара спортистот или другото лице да се вклучени во однесување кое тој или таа

знаеле дека претставува прекршување на анти-допинг правилото или знаеле дека постои значителен ризик дека однесувањето би можело да претставува или да резултира во анти- допинг прекршок и очигледно го занемарувале тој ризик.Прекршокот наАнти-Допинг Правилото кое резултира од неповолниот аналитички наод за супстанција која е забранета само во натпреварите се претпоставува дека не е "намерно" ако супстанцијата е специфична супстанца и ако спортистот успее да докаже дека таа супстанца ја користел надвор од натпреварите. Прекршокот на Анти-Допинг Правилото кое резултира од неповолниотаналитички наод за супстанца која е забранета само на натпревар, нема да се смета за "намерно" ако супстанцата не е специфична супстанца и ако спортистот успее да докаже дека таа супстанца се користи надвор од-натпреварите во контекст неповрзан со спортските перформанси.

**10.3 Неподобност за други Прекршоци на Анти-Допинг Правилата**
Периодот на неподобност за прекршување на анти-допинг правилата различни од она како што е предвидено во член 10.2 ќе биде како што следува, доколку не се применуваат членовите 10.5 или 10.6:

**10.3.1** За прекршување на член 2.3 или Член 2.5, периодот на неподобност ќе биде четири години, освен ако, во случај на неуспех да даде примерок за тестирање, спортистот успее да докаже дека извршувањето на прекршувањето на анти-допинг правилото не било намерно (како што е дефинирано во член 10.2.3), во кој случај, периодот на неподобност ќе биде две години.

**10.3.2** За прекршување на член 2.4, периодот на неподобност ќе биде две години, и е предмет на намалување до минимум до една година, во зависност од степенот на винатат на спортистот. Флексибилноста помеѓу две години и една година неподобност во овој член не може да се користи од спортистите за состојби, кога тој врши промените на Информациите за Достапност во последен момент или други однесување кои покренуват сериозни сомневања дека спортистот се обидувал да избегне да биде достапен за тестирање.

**10.3.3** Запрекршување на член 2.7 или 2.8, периодот на неподобност ќе биде минимум четири години до доживотна неподобност, во зависност од сериозноста на повредата. Доколку повредата според член 2.7 или 2.8 вклучува малолетно лице ке се смета за многу сериозен престап. Доколку е сторен од страна на придружниот персонал на спортистот и ако не се работи за специфичните супстанции, ќе резултира со доживотна неподобност за придружниот персонал на спортистот. Покрај тоа, значајни прекршување на член 2.7 или 2.8 кои можат да претставуваат прекршување надруги закони и прописи кои не се однесуват на спортот, ќе бидат пријавени на надлежните управни, стручни или правосудсни органи и тела.
*[Коментар на член 10.3.3: Оние кои се вклучени во допингувањето на спортисти или прикривање допинг би требало да подлежат на санкции кои се*

*поостри одсанкциите за спортистите кои се позитивни на тестот. Бидејќи надлежностите на спортските организации обично се ограничени на неподобност за акредитација членството и други спортски бенефити, пријавувањето напридружниот спортски персонал до надлежните органи е важен чекор во одвраќање од допинг.]*

**10.3.4** За прекршување на член 2.9, периодот на неподобност ќе биде најмалку две години, до четири години, во зависност од сериозноста на повредата.

**10.3.5** За прекршување на член 2.10, периодот на неподобност ќе биде две години, и е предмет на намалување до минимум од една година, во зависност од сериозноста на прекршокот на спортистот или другата личност и други околности на случајот.
*[Коментар на член 10.3.5: Кога "другото лице" наведено во член 2.10 е ентитет а не поединецот, тој ентитет може да се дисциплинира како што е предвидено во член 12]*

**10.4 Укинување на Периодот на Неподобност, каде што не постои Вина или Небрежност**

Ако еден спортист или друго лице потврдува во поединечен случај дека тој или таа не сноси вина или небрежност, тогаш нормално применливиот период на неподобност ќе биде укинат.
*[Коментар на член 10.4: Овој член и член 10.5.2 се однесува само на наметнување на санкции; тие не се применливи за определување на тоа дали анти-допинг прекршокот се случил. Тие ќе се применуваат само во исключителни околности, на пример, каде што спортистот може да се докаже дека, и покрај сета потребна грижа, тој или таа е саботиран од страна на противникот. Спротивно на тоа, немање вина или небрежност не ќе се применуваат во следниве околности:*
*(а) позитивен тест резултат поради погрешна етикета на паковката или загадени витамини или додаток во исхраната (Спортистите се одговорни за она што тие внесуваат во својот организам (член 2.1.1) и биле предупредени за можноста за контаминација на додатоците во исхраната);*
*(б) администрација на забранета супстанца од личниот лекар на спортистот или тренерот без обелоденување пред спортистот за забранетата супстанца (Спортистите се одговорни за нивниот избор на медицински персонал и за советување на медицинскиот персонал дека ним не може даим се даде било која забранета супстанца); и*
*(в) саботажа на храната на спортистот или пијалакот од брачниот другар, тренер или друго лице кое е во кругот на соработници на спортистот (Спортистите се одговорни за она што ке го внесат и за однесувањето на оние лица на кои им довериле пристап до својата храна и пијалаци ).*
*Сепак, во зависност од уникатните факти на конкретниот случај, било која од посочените илустрации може да резултира со намалена санкција според*

*член 10.5 врз основа на немање значајна одговорност или небрежност.]*

## 10.5 Намалување на Периодот на Неподобност, базиран на Незначителна Вина или Небрежност

**10.5.1** Намалување на санкциите за специфични супстанции или контаминирани производи за прекршување на член 2.1, 2.2 или 2.6.

**10.5.1.1** Специфичните Супстанции

Каде прекршувањето на анти-допинг правилото вклучува и специфични супстанци, и каде спортистот или другото лице може да потврдат дека не постои значителна одговорност или небрежност, тогаш периодот на неподобност ќе биде, во најмала рака, укор и без периодот на неподобност, и на максимум , две години на неподобност, во зависност од степенот на вина на спортистот или на друго лице

**10.5.1.2** Контаминирани Производи

Во случаите каде што спортистот или другото лице може да потврдат дека Нема Значителна вина или Небрежност и дека откриените забранети супстанци потекнуват од контаминирани производи, тогаш периодот на неподобност ќе биде, во најмала рака, укор и нема периодот на неподобност, и до максимум две години неподобност, во зависност од степенот на вина на спортистот или на другото лице

*[Коментар на член 10.5.1.2: Во оценување, степенот на вина на спортистот, би било, на пример, поволна за спортистот ако спортистот го декларира производот, за кој подоцна се утврдило дека бил контаминиран, на неговиот/нејзиниот формулар за допинг контрола.]*

**10.5.2** Примена на Непостоење Значителна Вина или Небрежност кога не се применува член 10.5.1

Ако еден спортист или друго лице докаже во поединечен случај кога член 10.5.1 не се применува, дека тој или таа не носи Значителна Вина или Небрежност, тогаш, е предмет на понатамошни намалување или елиминација онака како што е предвидено во член 10.6, нормално применливиот период на неподобност може да биде намален врз основа настепенот на вината на спортистот или другото лице , но намалувањето на периодот на неподобност не може да биде помал од една половина од периодот на неподобност кој е на друг начин нормално применлив за ваквите прекршоци. Доколку нормално применливиот период на неподобност, е доживотна суспензија, тогаш намалениот период на овој член не може да биде помалку од осум години.

*[Коментар на член 10.5.2: Член 10.5.2 може да се примени на било кој анти-допинг прекршок, освен оние членови каде што намерата е елемент на анти-*

*допинг прекршокот (на пример, член 2.5, 2.7, 2.8 или 2.9) или елемент на посебна санкција (на пример, член 10.2.1) или опсегот на неподобноста е веќе предвидено во член базиран на степенот на вина на спортистот или другата личност .]*

**10.6 Укинување, Намалување или Суспензија на Периодот на Неподобност, или други последици поради причини различни од Небрежност или Вина**

**10.6.1** Значителна помош во откривање на прекршок на Анти-допинг правилата

**10.6.1.1** НАДО може, пред конечната жалбена одлука од членот 13 или истекот на времето за поднесување жалба, да суспендира дел од периодот на Неподобност изречен во поединечен случај за кој што има овластување за менаџирање на резултатите кога спортистот или другото лице има обезбедено Значителна Помош за Анти-Допинг Организацијата, кривичните органи или стручните тела и дисциплинското тело што резултира со: (i) Анти-Допинг Организацијата да открие или разреши прекршок на анти-допинг правило од страна на друго лице, или (ii) што резултира да телото за кривична или дисциплинска постапки открие или разрешат кривично дело или прекршување на професионалните правила извршени од страна на друго лице и информациите обезбедени од страна на лицето кое обезбедува Значителна Помош е ставена на располагање на НАДО. После конечното решение за жалба на основа на членот 13 или истекот на времето за жалба, НАДО би можел да суспендира само дел од нормално применливиот период на неподобност, со одобрение на ВАДА и соодветната Меѓународна федерација. Степенот до кој нормално применливиот период на неподобност може да биде суспендиран се заснова на сериозноста на анти-допинг прекршокот направен од страна на спортист или друго лице и важноста на значителната помош обезбедена од страна на спортист или друго лице во напорите да се елиминира допингот во спортот. Не повеќе од три четвртини од нормално применливиот период на неподобност може да биде суспендиран.Доколку нормално применливиот Период на Неподобност, е доживотна суспензија, периодот на суспензијата според овој член не смее да биде пократко од осум години. Ако спортист или друго лице прекине да соработува и да обезбеди целосна и веродостојна значителната помош на кои се базира суспензијата од периодот на неподобност, НАДО ќе го поврати оригиналниот период на неподобност.
Ако НАДО одлучи да го врати суспендираниот период на неподобност или одлучи да не го поврати условниот периодот на неподобност, таа одлука може да биде обжалена од кое било лице кое има право да поднесе жалба согласно член 13.

**10.6.1.2** За понатамошно поттикнување на спортистите и други лица да обезбедат Значителна Помош за Анти-Допинг Организациите, на барање на

НАДО или по барање на спортистот или друго лице кое сторило Анти- Допинг прекршок, или е обвинето дека, извршило повреда на анти -допинг правилото, ВАДА може да се согласи во било која фаза од процесот на менаџирањето на резултатите, вклучително и по конечното апелационо решение според членот 13, со она што го смета за соодветна суспензија на инаку -применливиот период на неподобност, и другите последици. Во исклучителни околности, ВАДА може да се согласи за суспензии на периодот на неподобност, и други последици за значителната помош поголеми од оние поинаку предвидено во овој член, или дури и без периодот на неподобност, и / или да нема враќање на паричната награда или плаќање на казни или трошоци. Одобрувањето на ВАДА ќе биде предмет на враќање на санкциите, како што е инаку предвидено во овој член. И покрај член 13, одлуките на ВАДА во контекст на овој член не може да бидат обжалени од страна на било која друга Анти-Допинг Организација.

**10.6.1.3** Ако НАДО суспендира кој било дел од инаку применливата санкција поради значителната помош тогаш информација која обезбедува образложение за таквата одлука се доставува до другите Анти-Допинг Организации со право на жалба согласно член 13.2.3 како што е предвидено во член 14.2. Во уникатни околности каде ВАДА ќе утврди дека тоа ќе биде во најдобар интерес на анти-допингот, ВАДА може да го овласти НАДО да направат соодветни договори за доверливост за ограничување или одложување на објавувањето на договорот за значителната помош или природата на обезбедената значителна помош.

*[Коментар на член 10.6.1: Соработката на спортисти, спортски персонал и други лица што ги признаваат своите грешки и се подготвени да придонесат во расветлување на други прекршоци на анти-допинг правилата се многу важни за чистиот спорт. Ова е единствената околност во рамките на КОДОТ каде суспензијата на инаку применлив перидот на неподобност е дозволена.]*

**10.6.2** Признавање на Прекршување на Анти-Допинг Правило, во отсуство на Други Докази

Каде спортист или друго лице доброволно признава дека извршил анти- допинг прекршокот пред да добие известување дека треба да дадат примероци со кои би можело да се воспостави анти-допинг прекршокот (или, во случај на анти-допинг прекршокот различен од член 2.1, пред добивањето на првото известување за признатиот прекршок согласно член 7) и дека признанието е единствениот сигурен доказ за прекршување во времето на признавањето, тогаш периодот на неподобност може да биде намален, но не помалку од една половина од периодот на неподобност.

[*Коментар на член 10.6.2: Овој член е наменет да се примени кога еден спортист или друго лице кое порано-однапред истапува и признава дека сторил анти-допинг прекршок во услови кога Анти-Допинг Организацијата не знае дека анти-допинг прекршокот биможело да е извршен. Не е наменето да*

*се применува на околности каде што признавањето се случува откако спортист поверувал дека тој или таа ке биде фатен. Износот за кој се намалува неподобноста треба да се базира на веројатноста дека спортистот или друго лице би биле фатени ако тој / таа не истапи доброволно.]*

**10.6.3** Брзо Признавање на Прекршување на Анти-Допинг Правилото, откако се соочени со Повреда Казнива според член 10.2.1 или член 10.3.1
Спортист или друго лице кои се потенцијално предмет на четири години санкција според член 10.2.1 или 10.3.1 (за избегнување или за Одбивање да Дадат Примерок или Манипулираат со Земање на Примерок), со брзо признавање на потврдениот анти-допинг прекршокот откако се соочени со НАДО, а исто така по одобрување и во дискреција на двете ВАДА и НАДО, може да добие намалување на периодот на неподобност на минимум две години, во зависност од сериозноста на повредата и на степенот на вина на спортистот или другите лица.

**10.6.4** Примена на Повеќе Основи за Намалување на Санкцијата
Каде спортист или друго лице докаже дека имаправо на намалување на казната по повеќе од една одредба од член 10.4, 10.5 или 10.6, пред примена на било кое намалување или укинување согласно член 10.6, нормално применливиот период на неподобност, се утврдува во согласност со членовите 10.2, 10.3, 10.4, и 10.5. Ако спортист или друго лице воспоставува право на намалување или укинување на периодот на неподобност според член 10.6, тогаш периодот на неподобност може да биде намалена или суспендиран, но не помалку од една четвртина од нормално применлив период на неподобност.
*[Коментар на член 10.6.4: Соодветната санкција се определува во низа од четири чекори. Прво, телото за сослушувањето одредува која од основните санкции (член 10.2, 10.3, 10.4, или 10,5) се однесува на одредениот анти-допинг прекршокот. Второ, ако основната санкција предвидува широк опсег на санкции, телото за сослушувањето мора да ја утврди применливата санкција во тој опсег според степенот на вина на спортистот или другата личност. Во третиот чекор, телото за сослушувањето утврдува дали постои основа за елиминација, суспензија, или намалување на казната (член 10.6).*
*Конечно, телото за сослушувањето одлучува за започнување на периодот за неподобност од член 10,11. Неколку примери за тоа како член 10 ќе се применуваат се додадени во Додаток- 2]*

**10.7 Повеќекратни Прекршоци**

**10.7.1** За Втор Анти-Допинг Прекршокот на спортистот или друго лице, периодот на неподобност ќе биде поголема од:
(а) шест месеци;
(б) една половина од периодот на неподобност изречен за прв анти- допинг прекршокот без да се земе предвид секое намалување според член 10.6; или

(в) двојно зголемен инаку применлив периодот на неподобност за вториот анти-допинг прекршокот третиран како да е прв прекршок, без да се земе предвид секое намалување според член 10.6.
Периодот на неподобност основан погоре тогаш може да биде дополнително намален со примената на член 10.6.

**10.7.2** Третиот анти-допинг прекршок секогаш ќе резултира со доживотна суспензија, освен ако третото кршење исполнува услов за отстранување или намалување на периодот на неподобност според член 10.4 или 10.5, или вклучува прекршување на член 2.4 . Во овие случаи, периодот на неподобност ќе биде од осум години до доживодотна неподобност.

**10.7.3** Анти-допинг прекршокот за кој спортист или друго лице има воспоставено дека нема вина или небрежност нема да се смета како претходна повреда за целите на овој член.

**10.7.4** Дополнителни Правила за одредени можни повеќекратни прекршоци

**10.7.4.1** За целите на наметнување на санкции согласно член 10.7, анти- допинг прекршокот ќе се смета за втор прекршок ако НАДО може да утврди дека спортистот или другото лице го извршил вториот анти-допинг прекршокот откако спортистот или другото лице добиле известување согласно со член 7, или откако НАДО направил разумни напори да ги известат за првиот прекршок на анти-допинг правилото.Ако НАДО не може да го потврди ова, прекршоците ќе се сметаат заедно како еден прекршок и изречената казна ќе биде заснована на прекршокот кој повлекува построга казна.

**10.7.4.2** Доколку, по изрекувањето на санкција за првиот анти-допинг прекршок, НАДО открива факти кои вклучуваат анти-допинг прекршок од страна на спортист или друго лице кој се случил пред известувањето за првиот прекршок тогаш НАДО ќе наметне дополнителна санкција базирани на санкцијата која можела да се изрече ако двете повреди биле решени со одлука во исто време. Резултатите во сите натпреварувања кои датираат од порано од анти-допинг прекршокот ќе бидат дисквалификувани како што е предвидено во член 10.8.

**10.7.5** Повеќекратни прекршувања на анти-допинг правилата во текот на десетгодишен период
За целите на член 10.7, секој анти-допинг прекршокот треба да се случи во рамките на истиот десетгодишен период, со цел да се смета за повеќекратни прекршоци.

**10.8 Дисквалификација на Резултатите од Натпревари Одржани по Земање на Примерок или Признавањето на Анти-Допинг Прекршокот**
Во прилог на автоматската дисквалификација на резултатите од натпреварот

каде е пронајден позитивен примерок според член 9, сите останати натпреварувачки резултатите на спортистот добиени од денот кога е земен позитивниот примерок (дали на натпревар или вон натпревар), или е направен друг анти-допинг прекршок, до почетокот на привремената суспензија или периодот на неподобност, освен ако чесноста не налага поинаку ќе бидат дисквалификувани со сите резултирачки последици, вклучувајќи одземање на медали, бодови и награди.

*[Коментар на член 10.8: Ништо во овие анти-допинг правила не ја исклучува можноста чисти спортисти или други лица кои биле оштетени од акциите на лице кое извршило анти-допинг прекршокот од спроведувањето на секое право со кое инаку би требало да бараат отштета од тоа лице.]*

**10.9 Распределба натрошоците за CCA(КАС) Признанијата и Конфискувани Награди и Пари**

Приоритет за отплатата на CCA трошоците наградите и одземените парични награди ќе биде: Прво, плаќање на трошоците на CCA; второ, прераспределба на одземена парична награда за останатите спортисти, ако е предвидено во правилата на соодветната Меѓународна федерација; и трето, надомест на трошоците на НАДО.

**10.10 финансиски Последици**

Кога спортист или друго лице изврши прекршување на анти-допинг правило, НАДО може, по своја дискреција и предмет на принципот на пропорционалност, да избере да а) ги надомести од спортистот или обвинетото лице трошоците поврзани со прекршување на анти-допинг правилото , без оглед на периодот на неподобност и / или б) парична да го казни спортистот или обвинетото лице во износ до <u>2000</u> Евра, само во случаи кога инаку применливиот максимален период на неподобност веќе е изречен.

Наметнување на финансиски санкција или надомест за НАДО трошоците нема да се смета како основа за намалување на неподобноста или друга санкција која инаку би се применувале во рамките на овие анти-допинг правила или КОДОТ.

**10.11 Започнување на Периодот на Неподобност -Суспензија**

Освен како што е предвидено подолу, периодот на неподобност ќе почне на денот на носење на завршната одлука по сослушувањето за неподобност или, ако сослушувањето е откажано, или немало сослушување, на денот кога неподобноста е прифатена или на друг начин наметната.

**10.11.1** Одложувања кои не се предизвикани од страна на спортистот или друго лице

Каде што имало значителни одложувања во процесот на расправа или другите аспекти на допинг контролата кои не се поврзани со спортистот или друго лице, НАДО може да го стартува периодот на неподобност со поран датум почнувајќи

уште од датумот на допинг контролата или датумот кога друг анти-допинг прекршокот последен се случил. Сите натпреварувачки резултати постигнати во текот на суспензијата, вклучително и ретроактивната суспензија, ќе бидат дисквалификувани.
*[Коментар на член 10.11.1: Во случаите на прекршок на анти-допинг правилата различни од член 2.1, времето потребно за Анти-Допинг Организацијата да се откријат и развијат факти доволни за да се утврди прекршување на анти-допинг правило може да биде долго, особено каде спортистот или друго лице има преземено афирмативна акција да не се откријат. Во овие околности, флексибилноста предвидена во овој член да започне санкцијата на поран датум не треба да се користи.]*

**10.11.2** Благовремено признавање
Каде што спортистот или обвинетото лице веднаш (што, во сите настани, значи пред спортистот да се натпреварува повторно) го признае анти- допинг прекршокот откако бил соочен со прекршувањето на анти-допинг правилото од страна на НАДО, периодот на неподобност може да го стартува најрано од денот на давањето на примерок или датумот на кој друг анти-допинг прекршокот последен се случил. Во секој случај, сепак, кога се применува овој член, спортистот или обвинетото лице ќе служи најмалку една половина од периодот на неподобност почнувајки од денот кога спортистот или обвинетото лице го прифатиле наметнувањето на санкции, датумот на носењето на одлуката во расправата што наметнува санкција или датумот кога санкцијата е на друг начин наметната. Овој член не се применува кога периодот на неподобност веќе е намален според член 10.6.3.

**10.11.3** Кредит за Привремена Суспензија или Издржаниот Периодот на Неподобност
Доколку привремена суспензија е изречена и почитувана од спортистот или обвинетото лице тогаш спортистот или обвинетото лице ќе добие кредит за таквиот период од привремената суспензија против било кој период на неподобност, што во крајна линија може да се изрече. Ако периодот за неподобност се служи во согласност со одлуката која е последователно обжалена, тогаш спортистот или обвинетото лице ќе добие кредит за таквиот период на неподобност издржан против било кој период на неподобност, што во крајна линија може да се изрече по жалбата.

**10.11.3.1** Ако спортист или друго лице кое доброволно прифаќа привремена суспензија во писмена форма од НАДО, а потоа ја почитува привремената суспензија, спортистот или обвинетото лице ќе добие кредит за овој период на доброволна привремена суспензија против било кој период на неподобност кој може на крајот да биде изречен. Копија од доброволното прифаќање од спортистот или друго лице на привремена суспензија ќе бидат обезбедени веднаш до секоја страна која има право да добијат известување за потврдениот

анти-допинг прекршокот според член 14.1.

*[Коментар на член 10.11.3.2: доброволното прифаќање на привремена суспензија од спортистот не е признавање од страна на спортистот и не треба да се користи на било кој начин за изведување на негативен заклучок против спортистот.]*

**10.11.3.2** Не се доделува кредит против периодот за неподобност за било кој временски периодпред датата на привремената суспензија или доброволно прифатенатапривремена суспензија без оглед на тоа дали спортистот избира да не се натпреварува или бил суспендиран од страна на неговиот или нејзиниот тим.

**10.11.3.3** Во екипните спортови, каде што периодот за неподобност е наметнат на екипата, освен ако чесноста не налага поинаку, периодот на неподобност ќе почне на денот на носење на завршната одлука по сослушувањето за неподобност, ако сослушувањето е изоставено, на денот кога неподобноста е прифатена или на друг начин наметната. Секој период на привремена суспензија на екипата (без разлика дали наметнати или доброволно прифатени) ќе се кредитира од тоталниот периодот на неподобност што треба да се издржи.

*[Коментар на член 10,11: 10,11 член појаснува дека одложувањата кои не се поврзани со спортистот, благовремено признавање од страна на спортистот и привремена суспензија се единствените оправдувања за да почеток на периодот на неподобност биде порано од датумот на носењето на одлуката на завршната расправа.]*

**10.12 Статус за време на Неподобноста**

**10.12.1** Забрана за учество за време на Неподобноста
Спортистот или лицето кое е прогласено за неподобно не може, за време на периодот на неподобност, да учествува во било кое својство во натпреварот или активност (поинаква од онаа која е одобрена: образовна и рехабилитациска анти-допинг програма), одобрена или организирана од страна на НАДО или било која Националната федерација или некој клуб или друга организација членка на НАДО или било која Национална Федерација, или во натпревари организирана од страна на било професионална лига или некоја друга меѓународна или национала организација на натпреварувањето или било какви елитни или од национално ниво спортски активности финансирани од страна на владина агенција.
Спортист или друго лице на кое му е изречен период на неподобност, подолго од четири години може, по завршувањето на четири годинишниот периодот на неподобност, да учествува како спортист во локалните спортски настани кои не подлежат на санкционирање или на друг начин под јурисдикција на Код

потписничките или членки на Код Потписникот, но само толку долго додека локалниот спортски настан не е на ниво кое би можел да ги оквалификува таквите спортисти или други лица директно или индиректно дека се натпреварува во (или акумулираат поени за) националниот шампионат или меѓународен настан, и не вклучува работа на спортистот или лицето во кое било својство со малолетници.
Спортист или друго лице на кое му е изречен период на неподобност, ќе остане предмет на тестирање.
*[Коментар на член 10.12.1: На пример, предмет на член 10.12.2 подолу, суспендираниот спортист не може да учествува во тренинг кампови, натпреварувања или тренинзи во организација на неговата или нејзината Национална федерација или клуб кој е член на таа Национална федерација или кој е финансиран од страна на владината агенција. Понатаму, суспендираните спортист не можат да се натпреваруваат во професионална лига не-потписнички на кодот(на пример, професионалната национална хокеј лига, професионалната национална кошаркарска асоцијација, итн), на настани организирани од страна на организациите не-потписнички на кодот на меѓународен настан или на национално ниво настани без да ги предизвика последиците наведени во членот 10.12.3. Терминот "активност", исто така, вклучува, на пример, административни активности, како официјален претставник, директор, раководител, вработен или волонтер на организацијата што е опишано во овој член. Неподобност изречена во еден спорт, исто така, ќе биде препознаена од страна на други спортови (види Член 15.1, Взаемно Признавање).]*

**10.12.2** Враќање во Тренажен Процес
По исклучок од член 10.12.1, спортистот може да се врати да тренира со екипата или да ги користат објектите на клубот или други организации членки на НАДО за време не пократко од: (1) последните два месеца на периодот на неподобност на спортистот , или (2) последната една четвртина од одредениот периодот на неподобност.
*[Коментар на член 10.12.2: Во многу екипни спортови и некои индивидуални спортови (на пример, ски скокање и гимнастика), спортистот не може ефикасно да тренира индивидуално со цел да биде подготвен да се натпреварува на крајот на периодот на неподобноста. Во текот на тренажниот период опишани во овој член, спортист не може да се натпреварува или се вклучи во некоја активност што е опишано во член 10.12.1 различна од тренингот.]*

**10.12.3** Повреда на забраната за учество за време на неподобноста Каде спортист или друго лице кое е прогласено за неподобно ја прекршува забраната за учество за време на неподобноста опишано во член 10.12.1, резултатите од таквото учество ќе бидат дисквалификувани и нов период на неподобност, еднаков по должина на оригиналниот период на неподобност се додава на крајот

на оригиналниот периодот на неподобност. Новиот период на неподобност може да се регулира врз основа на степенот на вина на спортистот или другата личност и други околности на случајот. Определување на тоа дали спортист или другото лице ја има прекршено забраната за учество, и дали прилагодувањето е соодветно, се врши од страна на НАДО. Оваа одлука може биде обжалена во согласност со член 13.

**10.12.4** Скратување на финансиска поддршка за време на неподобноста Покрај суспензијата, за било кое прекршување на анти-допинг правило што не вклучуваат намалување на санкцијата како што е опишано во член 10.4 или 10.5, некои или сите финансиски средства поврзани со спортот или други бенефиции поврзани со спортот што ги добил тој споритст или тоа лице ќе бидат задржани од НАДО Македонија и Владата преку АМСМ и националните федерации.

**10.13 Автоматско Објавување на Санкциите**

Задолжителен дел од секоја санкција вклучува автоматско објавување, како што е предвидено во член 14.3.

*[Коментар на член 10: Усогласување на санкции е една од најпознатите дискутирани и дебатирани области на анти-допингот. Усогласување значи дека истите правила и критериуми се применуваат за да се оценат уникатните факти за секој случај.*
*Аргументи против потребното усогласување на санкции се засновани на разликите помеѓу спортовите вклучувајќи ги, на пример, следново: во некои спортови спортистите се професионалци правејќи значителен приход од спортот а во други спортистите се вистински аматери; во овие спортови каде кариерата на спортистот е кратка, стандарден период на неподобност има многу позначајно влијание врз спортист отколку во спортови каде кариерата е традиционално многу подолга. Примарниот аргумент во прилог на хармонизација е дека едноставно не е во ред дека двајца спортисти од иста земја кои се на тестот позитивени за истата супстанца во слични околности, треба да добијат различни санкции само затоа што тие учествуваат во различни спортови. Покрај тоа, флексибилност во санкционирањето често се гледа како неприфатлива можност за некои спортски организации да бидат поблаги со допингувачите . Недостатокот на усогласувањето на санкции, исто така, често е извор на правни конфликти меѓу Меѓународната федерација и национална анти-допинг организација.]*

## Член 11
## ПОСЛЕДИЦИ ЗА ЕКИПИТЕ

**11.1 Тестирање на екипните спортови**

Каде што повеќе од еден член на една екипа во екипен спорт е известен за

сторен прекршок на анти-допинг правило според член 7, во врска со ист настан, телото за организирање на натпреварите или НАДО врши соодветни целни-таргетирани тестирања на цела екипа во текот на периодот на настанот.

**11.2 Последици за екипните спортови**

Ако повеќе од два члена од екипата во екипниот спорт се најде дека извршиле прекршување на анти-допинг правилата за време на периодот на ист настан, телото организатор на настанот ќе наметне соодветна санкција за екипата (на пример, губење на поени, дисквалификација од натпреварите или настаните, или друга санкција) во прилог на било какви последици наметнати поединечно врз спортистот кој сторил прекршување на анти-допинг правилото.

**11.3 Организаторот на спортскиот настан може да воспостави построги последиците за екипните спортови.**

Организаторот на спортскиот настан може да избере да се воспостават правила за настанот кој наметнуваат построги последици за екипните спортови од оние во член 11.2 за целите на настанот.

*[Коментар на член 11.3: На пример, Меѓународниот Олимписки Комитет би можел да воспостави правила кои ќе бараат Дисквалификација на екипа од Олимписките игри врз основа на помал број прекршоци на анти-допинг правилата за време на Игрите.]*

## Член 12
## САНКЦИИ И ТРОШОЦИ ОДРЕДЕНИ ПРОТИВ СПОРТСКИТЕ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

**12.1** НАДО има овластување да побара од надлежните јавни институции да ги задржат некои или сите финансирања или друга нефинансиска поддршка на Националните Федерации кои не се усогласени со овие анти-допинг правила.

